**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**Институт за социјална работа и социјална политика -**
**„Мајка Тереза“**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# Предности и недостатоци од процесот на децентрализација и плурализација на социјалната заштита во општина Велес

**Ментор:**
**Доц. д–р Светлана Трбојевиќ**

**Изработила:**
**Благородна Петрушевска**

**Скопје, 2014**

СОДРЖИНА

Листа на кратенки 4

ВОВЕД 5

ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ 7

I ГЛАВА – КОНЦЕПТИ ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА 8

1. Развојот на свеста за социјалната правда 9

2. Идеологијата на либерализмот и социјалдемократијата и основните концепти на социјалната политика. 9

3. Историски развој на социјалната политика во Европа 11

3.1 Социјалната политика во Европа во 20 век 14

4. Историски развој на социјалната политика во Република Македонија 16

4.1 Развој на политиката за социјална заштита во Република Македонија по 1991 20

II ГЛАВА – ПРАВНА РЕГУЛАТИВА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 24

1. Социјалната заштита и Уставот на Република Македонија 25

2. Меѓународните документи за социјални права и нивното ратификување во Република Македонија 26

3. Домашна легислатива: законски акти, стратешки документи и програми во доменот на социјалната заштита 28

4. Закон за социјална заштита 29

5. Принципи на социјалната заштита во Република Македонија 32

5.1 Принципот на децентрализација социјалната заштита 32

5.2 Принципот на плурализација во социјалната заштита 33

6. Услуги и мерки од социјалната заштита 34

6.1 Социјална превенција 34

6.2 Вонинстиотуционална заштита 35

6.3 Институционална заштита 37

6.4 Права на парична помош од социјална заштита 39

ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ 42

1. Формулирање на проблемот на истражување 43

2. Цели на истражувањето 44

2.1 Научна цел на истражувањето 44

2.2 Практична цел на истражувањето 44
2.3 Посебни цели 45
3. Предмет на истражувањето 46
3.1. Теоретско определување на предметот 46
3.2 Дефинирање на клучните поими 47
4. Хипотези на истражувањето 48
4.1 Општа хипотеза на истражувањето 48
4.2 Поединечни хипотези на истражувањето 48
5. Метод на истражување 49
5.1 Пристап – истражувачка стратегија 49
5.2 Техники на собирање на податоци 49
5.3 Дефинирање на истражувачкиот примерок 51
5.4 Тек на истражувањето 52
6. Резултати од спроведеното итражување 52
6.1 Општи карактеристики на Општина Велес 52
6.2 Меѓусекторската соработка на Центарот за социјална работа на локално ниво 56
6.3 Вклученоста на Општина Велес во доменот на социјалната заштита 60
6.4 Вклученоста на Македонската православна црква во доменот на социјалната заштита во Општина Велес 65
6.5 Вклученоста на Исламската верска заедница во доменот на социјалната заштита во Општина Велес 68
6.6 Вклученоста на здружението на граѓани Центар за интегрална рехабилитација „Виготски“ во доменот на социјална заштита во Општина Велес 71
6.7 Вклученоста на Општинската организација на Црвениот крст Велес во доменот на социјалната заштита во Општина Велес 75
6.8 Вклученоста на Здружението на пензионери Велес во доменот на социјалната заштита во Општина Велес 78
ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 82
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 88
ПРИЛОЗИ 91

**Листа на кратенки**

ЕСП – Европска социјална повелба

ЕУ – Европска Унија

ИВЗ – Исламска верска заедница

ЈУ – Јавна установа

ЛУ – Локална установа

МПЦ – Македонска православна црква

МТСП – Министерство за труд и социјална политика

НВО – Невладина организација

НСРР – Национален совет за родова рамноправност

ОН – Обединети нации

ОО – Општинска организација

ОССУ – Општинско средно стручно училиште

ОСУ – Општинско средно училиште

САД – Соединети американски држави

СКЈ – Сојуз на комунисти на Југославија

СФРЈ – Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СХС – Сојуз на Словенци, Хрвати и Срби

УНДП – Програма за развој на Обединети Нации

РМ – Република Македонија

ЦСР – Центар за социјална работа

ЦИР – Центар за интегрална рехабилитација

ОЈУДГ – Општинска јавна установа детска градинка

**Вовед**

Социјалната заштита е клучна алатка за да се обезбеди социјална сигурност и добросостојба на граѓаните во секоја социјална држава. Обезбедувањето пристоен живот за ранливите категории граѓани претставува обврска на секое општество и заедница.

Социјалната заштита во Република Македонија се заснова на начелото на социјална праведност и солидарност и обезбедување на посебна грижа и заштита на немоќните и за работонеспоособни граѓани, семејството и на децата без родители и родителска грижа. Социјалната заштита се остварува согласно со Законот за социјалната заштита, со кој се утврдени социјалните ризици на кои се изложени граѓаните, семејствата и групи на население, правата и услугите од социјална заштита и корисниците опфатени во системот на социјалната заштита.

Реформите во социјалната заштита во Република Македонија започнаа да се реализираат во 2004 година. Тогаш се воведоа принципите на плурализација, инклузија, децентрализација и деинституционализација во социјалната заштита. Со воведувањето на реформите во социјалната заштита се создадоа услови за едно инклузивно и кохезивно општество. Принципот на плурализација овозможи препознавање и регулирање на улогата на правни и физички лица во обезбедувањето на социјалните услуги. Принципот на децентрализација овозможи пренесување на надлежности од социјалната заштита од централно на локално ниво, па општините како единици на локалната самоуправа добија бројни надлежности во делот на социјалната заштита утврдени со пропис. Со други зборови децентрализацијата и плурализацијата во социјалната заштита понуди можности за поактивна улога на општините, здруженијата на граѓани, верските заедници и приватниот сектор во насока на подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани, а особено на оние најранливите. Овие процеси овозможуваат зголемен број на активности во рамки на социјалната превенција, развој на инстутиционалните и вонистутиционалните облици на социјалната заштита - односно проширување на видот на услугите, подобра социјална заштита за сите категории на социјално исклучени лица, особено за оние за кои државата не успеала да обезбеди соодветна заштита, поголема достапност до сите социјално загрозени поединци, семејства и групи на население, приближување на социјалните услуги до граѓаните и вклучување на семејната и граѓанската подршка во социјалната заштита, како и воведување на конкурентност и подобрување на квалитетот на услугите.

Сепак воведувањето на принципите на децентрализација и плурализација во социјалната заштита нудат и бројни предизвици за сите вклучени чинители, почнувајќи од Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална работа општините, здруженијата на граѓани, верските заедници, приватниот сектор, па дури и индивидуите, во однос на нивната вклученост во социјалната заштита и координираното делување на локално ниво.

Основен проблем на ова истражување е да одговори на прашањето кои се предностите, а кои недостатоците од процесот на децентрализација и плурализација на социјалната заштита во Општина Велес. Поконкретно, истражувањето се обиде да даде одговор на вклученоста на локалната самоуправа во Општина Велес во доменот на социјалната заштита, како и за вклученоста на сите релевантни чинители на локално ниво (здруженија на граѓани, верски заедници, приватен сектор и физички лица) во доменот на социјалната заштита. Исто така значајно внимание во текот на истражувањето беше посветено на анализа на соработката и координираното делување на Центарот за социјална работа Велес, Општина Велес, здруженијата на граѓании, верските заедници при обезбедувањето на услуги и облици на социјална заштита.

Во првото поглавје на овој труд се говори за развојот на свеста за социјалната правда, а на кратко се елаборирани и основните концепти на социјалната политика на идеологиите на либерализмот и социјалдемократијата.

Понатаму, во второто и третото поглавје даден преглед на историски развој на социјалната политика во Европа и историскиот развој на социјалната полтика во Република Македонија после нејзиното основање.

Во четвртото поглавје елаборирана е правната регулатива на системот на социјална заштита во Репубулика Македонија: социјалните права во Уставот на РМ, меѓународните документи за социјални права и нивното ратификување во Република Македонија, домашната легислатива: законски акти, стратешки документи и програми во доменот на социјалната заштита, како и законот за социјална заштита како основен документ со кој е уредено остварувањето на социјалната заштита во Република Македонија. Во ова поглавје исто така елаборирани се и принципите на децентрализација и плурализација во социјалната заштита.

Петтото поглавје е посветено на истражувачкиот дел и резултатите од спроведеното итражување. А на крајот дадени се заклучоците и препораките од истражувањето.

# ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

# I ГЛАВА

# КОНЦЕПТИ ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА

## 1. Развојот на свеста за социјалната правда

Иако социјалната мисла е стара колку и човекот и идејата дека заедницата и власта се обврзни да им помагаат на луѓето се пронаоѓа уште во начелата на старата Еврејска држава, а слични начела се пронаоѓаат и во стариот Египет, сепак свеста за социјалната правда потекнува од идејата за правдата, чии корени се наоѓаат на тлото на Европа и нејзината цивилизација.

Сфаќањата за правдата се присутни во античка Грција, а во рамки на староримската филозофија правдата е издигната на едно повисоко ниво. Сфаќањата за правдата се присутни и во епохата средновековната христијанство, но сепак тука правдата е согледана низ призмата на религијата.

Со настанувањето на периодот на Ренесансата се појавуваат бројни мислители кои во своите дела ги преиспитуваат сфаќањата на правдата кои настанале во рамки на христијанското учење и правдата ја анализираат одвоено од религијата. Веќе во 19 век идејата за правдата добива социјален карактер.

После Првата Светска војна се основа Меѓународното Биро за труд чија Преамбула на Статутот започнува со „Меѓународниот и траен мир може да се темели единствено врз основите на социјалната правда". Ова значи дека терминот социјална правда започнува да се употребува во меѓународната комуникација. После Втората Светска војна и усвојувањето на Универзалната декларација за човекови права, социјалните права се сметаат за право на секоја индивидуа.

## 2. Идеологијата на либерализмот и социјалдемократијата и основните концепти на социјалната политика

Со развојот на индустриското општество се разви и социјалната политика како одговор на реалните потреби на населението и потребата од вклучување на државата во функционирањето на пазарот и заштитата на основните човечки права. Прашањата за степенот на државната интервенција станува клучно прашање на двете спротивставени доктрини- либерализмот и социјалдемократијата.

Либерализмот како доктрина која се појавува во XVII и XIII век промовира четири принципи: слободата, личниот интерес, одговорноста и конкуренцијата. Либерализмот се залага за граѓански слободи преку ограничување на властите, приватната сопственост, и верба во laissez-faire економска политика. Идејата на либерализмот се спротивставува на секоја државна интервенција на пазарот и според теоретичарите на либерализмот улогата на државата се сведува на „ноќен чувар на редот и мирот".

Но, со развојот на капиталистичките општества, и зголемувањето на бројни проблеми како што се сиромашијата, мизеријата, осоено кон крајот на XIX и почетокот на XX век се покажало дека либерализмот како теорија не е способна да одговори на предизвиците на капеталистичкото општество. Така се појавува новиот либерализам кој промовира еден нов концепт според кој државата може да интервенира, но исклучиво онаму каде ќе има потреба. Неолиберализмот верува во слободата на индивидуата, меѓутоа индивидуата е одговорна за сопствената благосостојба. Неолибаралниот систем дозволува помош, но само на немоќните.

Иако во рамки на либерализмот постојат голем број спротиставени гледишта, за улогата на државата, за моделот на социјалната политика, ҫепак може да се каже дека заедничко за сите нив е сфаќањето за интервенција на државата на пазарот, толку колку што е потребно, и социјална политика која е наменета за маргинализираните социјални групи.

Како спротиставена теорија на либералната теорија се јавува социјалдемокртијата. Терминот „социјалдемократијата" е соствен од латинскиот збор „societus" што значи „општество" и „demokrateo" што значи и „власт на народот". Социјалдемократијата се залага за државен интервенционизам на пазарот и модел на социјална политика во кој се обезбедува покриеност на целото население од голем број на ризици, всушност се залага за таканаречената „држава на благосостојбата„ или држава заштитник. Основни принципи на социјалдемокртијата како учење се: реформизмот, етатизмот изразен преку значителни интервенции на државата во стопанскиот и социјалниот модел, промоција на мир, соработка и љубов меѓу социјалните слоеви и класи, отфрлање на демократскиот централизам отстапувајќи простор за подемократски облици на работење.

Во однос на социјалната политика ова учење се залага за комплексен систем на социјално обезбедување и голем број на социјални мерки. Минимум месечен или неделен приход, намалување на работниот ден, зголемување на годишните одмори,

широка здравствена социјална заштита, развиен систем на пензиско и инвалидско осигурување, прогресивна станбена политика, бесплатно образование, битка против невработеноста, еколошка грижа итн. Крајната цел на овие мерки е подобрување на животниот стандард на целото население.

Денес може да се констатира дека двете сротиставени идеологии, либерализмот и социјалдемократијата, се повеќе се приближуваат. Денес и двете гледишта го промовираат принципот- државен интервенционизам онолку колку е потребно.

Денес и двете доктрини промовираат еден нов концепт, нов модел наречен „еднаквост на можности" или „еднаквост на шанси". Основен принцип на овој модел е корекција на слабостите на пазарот, без да се нарушат неговите принципи. Наместо да се интервенира на пазарот, се интервенира врз поединецот. Имено, се интервенира врз задоволување на основните потреби на индивидуата, за образование, професионална квалификација, здравство, живеалиште и т.н. Така индивидуите ќе бидат оспособени успешно да се соочат со логиката на пазарното стопанство. Но, вистинското заживување на овој концепт е возможно само низ содржината на социјалната политика

## 3. Историски развој на социјалната политика во Европа

Историскиот развој на социјалната политика во Европа ќе биде елабориран низ неколку фази, развојот на социјалната политика во 18 век, развојот на социјалната политка во 19 век, социјалната полтика во 20 век и светот после втората светска војна[1].

Историски, системот за социјална заштита е изграден врз основа на миксот помеѓу приватната и јавна одговорност за помош на луѓето во потреба. Многу автори пишуваат за дихотомијата во рамките на социјалната држава која се јавува помеѓу јавното и приватното[2]. Се разбира, соодносот помеѓу приватното и јавното во обезбедување на минимална благосостојба од секогаш варирал и во голема мерка зависел од историските, економските, и културни предуслови на општеството во целост, но и на поединечните држави. Приватното доминира во поголемиот дел од човековата историја, па така во средниот век, солидарноста воглавно се изразува внатре во семејството, соседството, еснафите, локалната заедница и религиските групи.

---

[1] Во составување на оваа хронологија најмногу информации се црпени од книгата Ружин, Н. (2004) Социјална политика, Скопје, цитирана во литературата на крајот на овој труд.

[2] Grimley, 2004 превземено од Трбојевиќ. 2010, Христијанската духовна перспектива како детерминанта за развојот на социјалната работа и социјалната политика во западните демократии.( докторски труд )

Овие активности со солидарен карактер имале скромни достигнувања и биле содржински ограничени. Имено, наведените општествени групи претставуваат главни актери во обезбедување на социјалните потреби и обезбедување на социјална сигурност за своите припадници. Овој вид на заштита е карактеристичен за прединдустрискиот период кога зајакнува интеграцијата на државата и се изградува националната држава[3].

Во Средниот век Црквата доминира во социјалната сфера, државата дали со посредство на градските власти или пак директно, уште тогаш почнува да се вклучува да се вклучува во оваа сфера, но нејзината акција била насочена кон најсиромашните, просјаци или сиромашни. Во 18 век, во прединдустрискиот период, во социјалната работа сеуште доминира Црквата, но државата веќе почнува да ги презема првите социјални мерки. Така во Ценрална и Источна Европа, со закон, Феудалците биле обврзани да даваат помош на кметовите кои западнале во беда, во Англија парохијата давала помош на сиромашните, а во Франција кралскиот совет на секоја провинција доделувал средства за помош на сиромашните.

Деветнаесетиот век е период на силен развој на урбано индустриско општество. Со индустријализацијата и урбанизацијата се создава од една страна пораст на расположливите средства, а од друга страна, зголемување на сиромаштијата. На политички план се организираат синдикати и работнички политиички партии кои вршат притисок на државата поради решавање на сите социјални проблеми во градовите, а и државата од своја страна делува превентивно во социјалната сфера. Државната интервенција во социјалната сфера значи крај на либералниот laissez faire. Сепак на почеток таа интервенција е ограничена на санирање на најопасните социјални ризици на кои се изложени сиромашните работници, старите луѓе и другите сиромашни. Сепак станува збор за минимална материјална помош, а не сеопфатна акција за надминување на сиромаштијата[4].

Во овој период се изгласуваат првите социјални закони за заштита на децата во Велика Британија во 1833, во Прусија во 1839, а во Франција во 1841 година. Тука е корисно да се спомене и донсувањето на Законот за сиромаштија во 1834 год. во Велика Британија иако тој не овозможил поголема заштита на сиромашните, бидејќи

---

[3] Puljiz, 1997, превземено од Трбојевиќ. 2010, Христијанската духовна перспектива како детерминанта за развојот на социјалната работа и социјалната политика во западните демократии.( докторски труд )

[4] Studijski centar socijalnog rada Pravnog fakulteta, Sveučilište u Zagrebu, Revija socijalne politike, god. IV, br. 2, str. 161-167, Zagreb 1997, Puljiz V.: Kronologija socijalne politike Zapada

помошта за нив не била зголемена, туку построго биле дефинирани веќе постојните средства за нивна помош. Исто така во 1847 година во Велика Британија се донесува Законот за ограничување  на работниот ден на жените на 10 часови и во 1848 година се донесува Закон за санитарните услови во градовите. Со овие чекори Велика Британија станува лидер во социјалната политика во Европа.

Во втората половина на 19 век се зголемува индустријализацијата и урбанизацијата, и со тоа се наметнува потребата од поголема државна интервенција. Основната причина за тоа е појавата на голем број индустриско – урбано население, кое дошло од селата и било искоренето од малите средини и сродните групи во кои претходно владеела примарна солидарност. Големата маса на луѓе кои доаѓаат во градовите на некој начин се лишени од заштитните традиционални механизми на сигурност во семејството, на широката сродна група и препуштени се на несигурната индустриска работа и пазар. Така државната интервенција на полето на социјалното згрижување и заштита се јавува како повеќе од потребна. Помошта на Црквата и филантропите во таквата ситуација не се достапни[5].

Во овој период во Германија, која станува силна индустриска земја, се развива социјалното законодавство, што е резултат на премиерот на Прусија Ото Фон Бизмарк. Во осумдесетите години на 19 век, во Германија, Бизмарк ги воведува првите закони од социјалното осигурување. Неговите програми за социјално осигурување биле први во светот и претставувале модел за другите земји. Бизмарк воведува старосни пензии, национална здравствена заштита, осигурување во случај на несреќа, осугурување во случај на невработеност. Така се воспоставуваат основите на модерната социјална политика.

Во овој период социјалистичкото движење е во подем и во негови рамки барањата за социјална правда и социјалната политика земаат значајно место. Првата интернационала[6], како меѓународно здружение на работниците, на своите пет конгреси ги поставува барањата за намалување на работното време и регулирање на работното

[5]Studijski centar socijalnog rada,Pravnog fakulteta, Sveučilište u Zagrebu, Revija socijalne politike, god. II, br. 3, str. 243-247, Zagreb /995 Puljiz, V.: Bismarckove socijalne reforme

[6] Првата интернационала е меѓународно здружение на работниците, кое  делувало во периодот од 1864 до 1876 година. Целта е обединување на различни левоориентирани социјалистички, комунистички и анархистички политички групи и синдикални организации кои се базирани на работничката класа и класната борба.

време на жените и малолетниците, а слични барања ќе истакне и Втората интернационала[7].

### 3.1 Социјалната политика во Европа во 20 век

Со развојот на индустријализацијата и урбанизацијата се појавува потребата за поголем број интервенции од страна на држава. Во некои држави како Германија, Велика Британија, државата повеќе интервенира во овој домен, во Шведска во помала мера, а симболично во Швајцарија, Франција, Белгија и Италија. Тука корисно е да се спомене дека пристапот на социјалната политика зависи од степенот на развој на демократијата и економијата. Но, исто тука значајно е да се спомене дека во Германија синдикалното движење е многу силно.

Развојот на социјалната политика во Европа во периодот од 1918 до 1939 година е карактеристичен по спротивставеноста на идеологиите на комунизмот и капитализмот и идеологијата на фашизмот и антифашизмот. Најголем проблем на индустријализираните земји е невработеноста, и во овој период синдикалните движења се залагаат за донесување на Закони за задолжително осигурување во случај на невработеност.

Еконмската криза од 1930 година ќе придонесе за развој на социјалната политика, но таа не се развива во доволна мера во насока на подобрување на квалитетот на животот и работата на луѓето, туку таа во голема мера е во служба на идеологиите кои се во развој. Во овој период се појавуваат и тоталитарни режими.

Карактеристично за овој период е што и покрај тоа што решавањето на социјалните проблеми се наоѓа на агендите на големите индустријализирани држави како Франција, Италија, Германија и. т.н. сепак социјалната политика останува во голема мера во служба на политичките идеологии.

По завршувањето на Втората светска војна во земјите на Источна и Западна Европа и САД ова е период на: демографски пораст, пораст на индустриското производство, прогрес во науката и технологијата. Земјите од Третиот свет се карактеризираат со демографска експанзија, висока стапка на смртност и невработеност, екстензивно земјоделство, ниска стапка на индустриско производство, низок животен стандард.

---

[7] Втората интернационала е организација на социјалистичките и работнички партии која делувала во периодот од 1889 до 1916 година.

По Втората светска војна социјалната политика доживува голем развој. За некои автори ова моментот кога е втемелена државата на благосостојбата. Во тој период државите ги институционализираат механизмите на базична помош за најзагрозените структури на граѓани. Притоа се појавуваат бројни институции кои се насочени кон намалување  на ризиците на кои се изложени граѓаните и кои имаат за цел да ја гарантираат нивната благосостојба[8]. Сепак постои разлика меѓу стратегиите на земјите на пазарното стопанство и социјалистичките земји, односно земјите од Западна и земјите од Источна Европа.

За решавање на социјалните проблеми кои постојат во земјите од Третиот свет, се вклучуваат: меѓународните организации, доброволните фондови, црквите, развиените држави како и самите држави.

Земјите од Западна Европа го прифаќаат концептот за државата заштитник или држава  на благосостојбата и имаат значителни трансфери во доменот на социјалната заштита. Во текот на педесетите и шеесетите години, па се до средината на седумдесетите години на минатиот век (појавата на нафтената криза), тие издвојувале висок процент од бруто домашниот производ за подигнување на социјалната сигурност на своите граѓани. Но, после овој период, како последица на големите економски, социјални и политички промени, вклучувајќи ја тука и глобализацијата, демографските притисоци, индивидуализмот, појавата на високата невработеност, големиот социјален диверзитет и буџетските дефицити се доведе во прашање одржливоста на социјалната држава[9]. Денес иако во овие земји не може да се говори за „апсолутна сиромаштија“, невработеноста и социјалната исклучителност се реални проблеми кои и понатаму постојат во овие земји. Како резултат на тоа се појавуваат теории за „лимитираноста на социјалната политика и кризата на социјалната држава“. Но и покрај се капиталистичката социјална држава успева да се прилагоди и да пронајде нови начини на делување.

Во Земјите на некогашниот реален социјализам, земјите од Источна Европа и Советскиот Сојуз, каде постои еднопартиски систем и непазарно (договорено)

---

[8] Leibfried & Mau, 2007, превземено од Трбојевиќ. 2010, Христијанската духовна перспектива како детерминанта за развојот на социјалната работа и социјалната политика во западните демократии. (докторски труд )

[9] Leibfried & Mau, 2007, превземено од Трбојевиќ. 2010, Христијанската духовна перспектива како детерминанта за развојот на социјалната работа и социјалната политика во западните демократии. (докторски труд )

стопанство, социјалната политика е креирана и реализирана од страна на државата. И покрај тоа што социјалните трансфери се на високо ниво, социјалните услуги се со низок квалитет. Овие земји водеа политика на целосна вработеност, бесплатна здравствена заштита, високи трансфери во образованието и систем на социјално обезбедување за целото население. Синдикатот нема значајна улога во креирањето на социјалната политика. После 1989 година овие земји спроведоа реформи како во нивните политички системи и стопански модели така и во системите на социјалната заштита. Дел од нив се веќе членки на Европската унија, а дел од нив се подготвуваат да се вклучат во Европската заедница.

Денес, за разлика од примената на социјалната политика во европските земји, социјалната политика во земјите на третиот свет се карактеризира со: висока стапка на лажна вработеност, сиромаштија, недостаток на храна, недостиг на вода, висок степен на неписменост, лоши услови на домување, ниска заштита при работа, злоупотреба на детскиот труд, непочитување на времетраењето на работната недела. Во вакви услови средствата наменети за системите за социјална заштита се многу ограничени. Во оваа насока, системот не ја покрива целата популација, туку пред се вработените во јавниот сектор и модерен приватен сектор. Исто така со системот не се покриени сите ризици, туку најчесто ризиците по здравјето.

## 4. Историски развој на социјалната политика во Република Македонија

Во 18 век државите на Балканот се наоѓаат под Австроунарската и Отоманска империја. Државата е носител на социјалната функција, а почнуваат да се чувствуваат влијанијата од западноевропските земји. Католичката и православната црква се исто така носители на социјалната функција.

Македонија е под Отоманскта империја. Социјалните активности на државата се селективни, а македонските црковни општини преземаат значајна улога во заштитата на македонското население. Така, побогатите црковни општини отвараат црковни болници како и прифатилишта за сиромашните, старите лица.

Во периодот на 19 век Македонија сеуште се наоѓа под Отоманската империја, а населението се наоѓа во многу тешка социјална положба. Барања за социјална правда се присутни во сите три најголеми востанија на Македонискиот народ: Разловечкото од 1876, Кресненското од 1878 и Илинденското од 1903 година. Така во рамки на

Разловечкото востание изразени се барања за промени во начинот на собирање на даноците и издвојување средства за сиромашните, ослободување на селата од даноците, како и мерки за посебна заштита на сирачињата. Во рамките на Креснеското востание исто така присутни се барања од социјална природа како аграрна реформа, забрана за експлоатација на сиромашните и заштитни мерки според примерот на Германија и Британија. И во Илинденското востание од 1903 година исто така има социјални аспекти. Тоа може да се види од начинот на кој биле организирани телата како што се: Комисијата за снабдување со исхрана, Комисијата за облекло, Комисијата за градежништво и хигиена.

Сепак востанијата не придонеле за подобрување на состојбата на населението во Македонија.

Периодот од почетокот на 20 век па се до крајот на Првата светска војна во Европа се карактеризирал со воспоставување на бројни социјални закони, но османлиската империја е далку од овие трендови. Населението во Македонија се наоѓало во тешка материјална положба, а евидентирана е миграција на населението во прекуокеанските земји. И покрај избувнувањето на Младотурската револуција во 1907 год. и доаѓањето на власт на Младотурците кои ветувале економски, социјален, културен и образовен напредок за сите, како резултат на неисполнувањето на овие ветувања, состојбата на македонското население ќе остане непроменета.

Балканските војни во 1912 год. и 1913 год. и Првата светска војна ќе придонесат за влошување на и онака тешката материјална состојба во Македонија. Земајки го предвид фактот дека за време на Првата светска војна низ територијата на Македноја се наоѓа Солунскиот фронт тешко е да се зборува за било каков развој на форми на социјалната политика. Сеуште главните форми на заштита на населението се на основа на семејната солидарност и солидарноста на црковните општини.

Во периодот од 1918 до 1941 година Република Македнија е една од седумте покраини на Кралсвото на Србите, Хрватите и Словенците. Во 1921 се донесува Видовденскиот устав со кој направена промена на тогашната територијална поделба и наместо седум покраини се формирани области „окрузи„ околии и општини. Така земјата била поделена на 33 области. Вардарска Македонија била поделена на 3 области: Скопска, Брегалничка и Битолската област.

Во овој период во Република Македонија развојот на економијата е неповолен, а најголем дел од населението се занимавало со земјоделство кое било изведувано на

екстензивен начин. Македонските пратеници се изјаснувале како Срби во рамките на српските партии, а социјалните проблеми на Македонскиот народ тешко биле земени во предвид во програмите на политичките партии. Стапката на писменост во Македонија во рамки на Кралството СХС била многу ниска и затоа се преземале мерки за зголемување на степенот на писменост на населението преку донесување на Програма за образование на децата, старите лица, жените, отварање на библиотеки, читални и сл. Во овој период хигиенските услови на живеење биле многу лоши. Смртноста на новороденчињата биле високо, а просечниот животен век изнесувал 34 години. Во 1922 год. бил донесен Законот за колонизација, и како резултат на тоа во Македонија било доделувано земјиште на новодојденци од Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Далмација. Целта на колонизацијата била асимилацијата и денационализација на Македонците. Во 1927 год. со одлука се затвориле голем број Гимназии во Македнија што укажува на пристапот и значењето кое тогашните власти му го даваат на повисоките степени на образование на македонското население. Сите овие податоци укажуваат на степенот на развој на социјалната политика во Македонија во рамки на Кралството СХС.

После Втората Светска Војна, Македонија е една од шесте републики во рамки на тогашна Федеративна Народна Република Југославија. Како резултат на победата на Комунистичката партија на Југославија во земјата се воспоставува социјалистичкиот поредок. Политичкиот систем е еднопартиски, а стопанството е планирано. Во државата се спроведуваат радикални државни мерки како национализација на банките, индустријата, трговијата и сообраќајот, како и национализација на дел од станбениот фонд. Потоа следи аграрната реформа, и колонизацијата а потоа присилна колективизација на селските стопанства (поради катастрофалните резултати таа се напушта во почетокот на педесетите години)[10]. Со Законот за аграрна реформа и колонизација, земјиштето кое по пат на конфискација е одземено од “непријателот“ главно е распределено на борците во војната и симпатизерите на новата власгт. Овие мерки што се преземаат не се однесуваат на семејствата на предавниците и соработниците на непријателот. Ова укажува на една политика генерално, но и социјална политика, која е во служба на социјалистичката иедеологија и под влијание на советската идеологија.

---

[10] Институт за социјална работа и социјална политика, „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, Врамување нова социјална политика: актери, димензии, реформи, Универзитет Фондација Фридрих Еберт, Канцеларија Скопје

Со индустрализацијата се настојува да се намали селанството и да се вклучи во новата социјалистичка структура.

Значајно е да се спомене дека во овој период се воведува задолжително основно образование, прво четиригодишно, а потоа и осумгодишно.

На социјален план, основната грижа на државата била посветена на жртвите на војната, децата, младите и на инвалидите. Државата е носител на социјалната заштита, а со неа оперативно и раководи Министерството за социјални грижи, додека некои работи ги извршуваат локалните тела на социјална заштита

Државата брзо развила систем на социјално осигурување, кој ги опфаќал сите вработени во државните претпријатија и институции. Во 1946 година се донел Законот за социјално осигурување на работниците, кој во 1950 година бил изменет со Законот за социјално осигурување на работници, службеници и нивните семејства. Во овој закон правата и социјалната заштита на вработените биле дефинирани на едно високо ниво, но од друга страна тоа не било во согласност со економските можности на државата[11].

Во 1948 год. Југославија раскинува со Информбирото и СССР, но во земјата уште долго ќе се чувствува советската идеологија.

Во 1958 год. СКЈ донесува програма во која се увидува дека во земјата постојат социјални проблеми. Во таа насока на социјалната заштита и престои грижа за работниот човек, за неговото семејство и потреби, грижа за секој член на заедницата преку обезбедување на соодветни услови за живот и работа, помош на лица кои поради настанувањето на одредени ризици се ноѓаат во тешка состојба. Но како резултат на недоволна финансиска основа, и во период кога сеуште во земјата не постојат центри за социјална работа, социјалната политика останува неефикасна

Периодот од 1960 до 1970 год. во Југославија е карактеристичен по промовирањето на концептот и системот на самоуправувањето. Во Уставот од 1963 год. се предвидени бројни социјални права. Во овој период социјалната политика се воспоставува како посебна наука чиј предмет на изучување е социјалната заштита. Исто така, во овој период се воспоставуваат и првите истражувачки инстуции во доменот на социјалната политика, како и првите центри за социјална работа. Во Македонија се вопоставени и 12 Центри за социјална работа во поголемите општини. Во периодот од 1965 год. до 1969 год. во Југославија се спроведува стопанска реформа, но и ова нема да придонесе за надминување на социјалните разлики меѓу земјите во Федерацијата, како и

[11] Ибидем

нискиот животен стандард. Кон крајот на шеесетите години во Југославија веќе е присутна криза на невработеност и во овој период почнуваат да се отвораат прашања за самостојноста на нацијата и односот на нацијата кон државата и со цел одржување на кохезијата, државата создава структури која го зајакнува централизмот и улогата Сојузот на комунисти на Југославија.

Во седумдесетите години проложува воспоставувањето на научни институции, служби и Центри за социјална работа, а синдикатот и понатаму нема никакво влијание врз креирањето на социјалната политика. Кон крајот на седумдесетите години настапува економска и политичка криза. Како резултат на економската криза, во текот на осумдесетите години, квалитетот на живеење ќе почне да опаѓа, а невработеноста ќе достигне висока стапка особено во посиромашните републики. За да се излезе од економската криза и да се постигне социјален развој државата донесува Долгорочна програма за економска стабилизација. Во оваа програма социјалната проблематика се разработува со еден современ пристап, но сепак постојниот стопански модел не нуди основа се ефикасност на програмата.

Настаните од 1989 год. означуваат крај на социјалистичкиот поредок во Источна Европа, а распадот на СФРЈ настанува во 1991 година. Процесите на дезинтеграција на југословенската држава се незапирливи. Република Македонија со стекнувањето на својата независност се наоѓа пред предизвикот за воспоставување на сопствен модел на социјална политика, следејќи го примерот за семјите од Европската унија.

## 4.1 Развој на политиката за социјална заштита во Република Македонија по 1991

Социјалната заштита во Република Македонија се заснова на начелото на социјална праведност и солидарност и обезбедување на посебна грижа и заштита на немоќните и за работонеспоособни граѓани, семејството и на децата без родители и родителска грижа. Социјалната заштита се остварува согласно со Законот за социјалната заштита, со кој се утврдени социјалните ризици на кои се изложени граѓаните, семејствата и групи на население, правата и услугите од социјална заштита и корисниците опфатени во системот на социјалната заштита.

Иако постојат одредени несогласувања за терминологијата која Амицис ја користи за да ги означи фазите на развој на политиката на социјалната заштита во РМ после 1991 година, сепак во трудов ќе ја користиме неговата терминологија. Имено,

според Амицис[12], развојот на политиката за социјална заштита по утврдувањето на независноста Република Македонија се дели на три различни фази: фаза на основање, фаза на институционален развој и фаза на реформа.

### 4.1.1 Фаза на основање (1992 – 1996)

Првата фаза, која го опфаќа периодот од 1992 до1996 година претставува фаза на основање на нов систем на социјална заштита во согласност со новиот уставен поредок на Република Македонија.

Перидот на транзицијата се карактеризира со зголемена невработеност и сиромаштија, несовршен пазар, нецелосна регулативна структура и намален капацитет на администрацијата. Затоа во овој период фокусот беше ставен прилагодување на законската регулатива, вклучување на социјалниот аспект во политиките за борба против сиромаштијата и обезбедување на целосна покриеност на социјалните права.

Во 1992 година беше утврдено социјално – заштитно ниво за сите граѓани како минимум социјална сигурност за едно домаќинство и правото за надоместок до висина на социјално заштитно ниво како посебен вид на социјална помош. Ова право на социјална заштита се заснова на тогашниот Закон за социјална заштита (усвоен во 1978 година) и Програмата за социјално загрозено население која се донесува секоја година. Потоа во 1992 година е усвоен нов Закон за семејство во кој се вклучуваат мерки на социјална заштита.

Како резултат на континуираната програма за техничка помош на Светската Банка во обласата на социјалната заштита, беше утврдена националната граница на сиромаштијата во 1996 година, која ги утврди условите за регулирање на социјалната политика од макроекономска гледна точка. Исто така во овој период се сроведуваат активности за зајакнување на институционалните и човечки капацитети на Центрите за социјална работа.

### 4.1.2 Фаза на институционален развој (1997 – 2002)

Втората фаза на развој на социјалната заштита го опфаќа периодот од 1997 до 2002 година. Во овој период, во 1997 година е донесен првиот Закон за социјална

[12] Амицис Г., Системот на социјална заштита во Република Македонија, Скопје, 2004, с. 21 - 28

заштита во Република Македонија. Со него се воспостави нов систем на мерки и услуги на социјалната заштита и тоа: социјална превенција, институционална заштита, вонинституционална заштита и права на социјална помош. Покрај Законот од 1997 година, мерките за социјална заштита се прошируја на децата преку донесување на Законот за заштита на децата во 2000 година.

Во овој период се реализираше проект со поддршка на УНДП канцеларијата во Скопје, со цел зајакнување на капацитетите и вештините на вработените во установите за социјална заштита и во сродните институции, преку едукации за современи форми и пристапи во стручната работа. Исто така се реализираше проект, со поддршка на ЕУ, со крајна цел обезбедување на техничка помош на МТСП во креирањето на политиките за социјална грижа и заштита и извршување на неговите надлежности.

### 4.1.3 Фаза на реформи (2004)

Третата фаза наречена фаза на реформи започна во 2004 година. Овој период се карактеризира со промени во политиките на планирање и управување, усвојување на современи принципи во социјалната заштита, како и поширока преориентација на националните режими за социјална сигурност кон обезбедување вработување, задоволување на потребите и социјална инклузија.

Најзначајните реформи беа воведени со измените и дополнувањата на Законот за социјална заштита во 2004 година. Тогаш се определуваат четирите нови принципи во социјалната заштита:

- Принцип на децентрализацијата, насочен кон подобрување на капацитетите на властите и агентите на локалната социјална заштита.
- Принципот на инклузија, има за цел да обезбеди соодветна покриеност на сите ранливи категории преку финансиска поддршка и програми за активирање.
- Принцип на плурализација во социјалната заштита, поврзан со обезбедувањето „економија заснована на социјална заштита на сите“ (усогласени активности меѓу јавните установи, приватни профитабилни организации за обезбедување нега и невладините организации).
- Принципот на деинституционализација насочен кон развој на нови вонинституционални форми на заштита и поддршка на корисниците сместени во установи за нивно враќање во биолошките семејства, или сместување во

некоја од формите на вонинституционална заштита на локално ниво (дневни центри, згрижувачко семејство, мал групен дом итн.).

Реформскиот процес продолжува и во 2005, 2007 и 2008 година со дополнување на одредби во Законот за социјална заштита, со кои се регулира подетално примената на Законот и користењето на одредени права од социјалната заштита, потоа се прошируваат одредени права од областа на социјалната заштита како и се усогласува Законот за социјална заштита со прописите на ЕУ.

Во јуни 2009 година, донесен е нов Закон за социјална заштита, со кој се изврши редефинирање на системот и организацијата на социјалната заштита, како и правата, финансирањето и постапката за остварување на правата од социјалната заштита. Во делот на социјалните услуги, меѓу другото, со овој пропис се овозможува:

- Проширување на плурализацијата со давање можност верските организации и религиозни груи да се вклучат во давањето на одредени социјални услуги;
- Продолжување на процесот на децентрализацијата со давање можност општините да воведат и други права од социјалната заштита, како и поврзување на локалните програми со Националната програма за развој на социјална заштита;
- Обезбедување понатамошен развој на вонинституционалните социјални услуги, со воведување на ново право на самостојно живеење со поддршка и основање на мали групни домови;

# II ГЛАВА

# ПРАВНА РЕГУЛАТИВА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. Социјалната заштита и Уставот на Република Македонија

Добросостојбата на сите граѓани е основна уставна гаранција на Република Македонија.

Уставот на Република Македонија е донесен во 1991 година и според примерот на Европските устави, вклучува детални одредби во врска со правата на економска и социјална заштита. Темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;

Социјалните права може да се најдат во Дел 2 од Глава втора од Уставот, под наслов „Економски, социјални и културни права". Тие вклучуваат права на здравство, образование, социјална сигурност (социјално осигурување) и социјална заштита. Член 35 (став 1) гласи „Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност". Основното право на социјална заштита се темели врз членот 35 (став 2) каде што се вели дека „Републиката гарантира право на помош на граѓаните кои се немоќни и неспособни за работа". Исто така во член 35 (став 3) гласи „Републиката обезбедува особена заштита на лицата со физичка попреченост, како и услови за нивно вклучување во животот и општеството" . Во членовите 40 и 42 државата обезбедува посебни права на децата и на малолетните лица. Со член 40 Државата се обврзува на посебна грижа и заштита на семејството. Исто така Државата дефинира дека правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон. Понатаму соред овој член родителите имаат право и должност да се грижат за издржување и воспитување на децата, а децата се должни да се грижат за старите и изнемоштени родители. Исто така Републиката се обврзува им обезбедува посебна заштита на децата без родители и децата без родителска грижа. Според член 42 Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица. Овој член дефинира дека лице помладо од 15 години живот не може да биде вработено, малолетните лица и мајките имаат право на посебна заштита при работа и малолетните лица не смеат да бидат вработувани на работни места што се штетни за нивното здравје и моралот.

Така, членовите 35, 40 и 42 од Уставот гарантираат право на минимална социјална заштита, во врска со универзалното прифаќање на некои добра како основна потреба (на пример сместување, храна, основна здравствена заштита) и даваат право на

поединците да бараат специфични надоместоци преку системот на социјална заштита.

## 2. Меѓународните документи за социјални права и нивното ратификување во Република Македонија

Република Македонија, како земја членка на **Обединетите Нации** од 1993 година, со потпишувањето и ратификувањето на голем број документи кои вклучуваат одредби за правата на социјална заштита, се обврза дека ќе работи на промоција, реализација и заштита на правата од социјалната заштита. Република Македонија ги ратификуваше следните инструменти на ОН:

- Универзалната декларација за човекови права
- Меѓународната повелба за економските, социјалните и културните права (1966 година, ратификувана во 1994)
- Меѓународната повелба за граѓански и политички права (1966 година, ратификувана во 1994) и необврзувачките протоколи (1966, 1989 година ратификувани во 1994)
- Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (1979, ратификувана во 1994)
- Конвенција во врска со статусот на бегалците (1951, ратификувана во 1994)
- Конвенција за правата на детето (1989, ратификувана во 1993)
- Стандардни прописи на ОН за еднаквост на можностите на лицата со попречености (1993, ратификувани во 2000 година)

Инструментите на ОН по нивното ратификување претставуваат дел од домашниот правен поредок со предност пред сите други спротивставени внатрешни законски акти или одлуки.

Со нивното ратификување Република Македонија се обврза да ги промовира, реализира и заштитува, меѓу другите и основните социјални и економски права како што се правото на работа, поволни услови на работа, правото да се основа синдикат и правото на штрајк, правото на социјална сигурност, кое вклучува социјално осигурување, правото на заштита и помош на семејствата, мајките и децата, право на соодветен стандард на живеење итн.

Република Македонија стана рамноправна членка на **Советот на Европа** во 1995 година и учествува во спроведувањето на политиките во врска со човековите, економските и социјалните права.

Еден од позначајните документи кои Република Македонија ги ратификуваше од областа на социјалните права, е Европската социјална повелба заедно со Протоколот со кој се дополнува ЕСП од 1991 година. Овој документ беше ратификуван во 2004, а стапија во сила на 31.3.2005 година. Република Македонија со ратификувањето на Повелбата, прифати 11 од вкупно 19 члена. На тој начин Република Македонија гарантира уживање на основните социјални и економски права, без дискриминација. Се гарантиратт следните права: право на работа, право на организирање, право на колективно преговарање, право на социјална сигурност, право на здравствена и социјална помош.

Република Македонија сеуште го нема ратификувано Дополнителниот протокол од 1988 година. (тој ги проширува социјалните и економски права гарантирани во ЕСП од 1961, преку додавање на следните групи на права: право на работниците на еднакви можности и еднаков третман без дискриминација врз основа на пол, право на работниците да бидат информирани и консултирани во рамки на претпријатијата, право на работниците да учествуваат во подобрување на условите на работа во претпријатието, правото на стари лица на социјална заштита)

Република Македонија на 06 Јануари 2012 ја ратификуваше Ревидираната Европска Социјална Повелба (1996) и прифати 60 од 98 одредби. Со ратификувањето на Ревидираната Социјална Повелба, Република Македонија се обврза дека ќе промовира и заштитаува сет на нови права кои се дефинирани во Ревидираната Социјална Повелба, а кои се израз на еволуцијата на Европа, откако Повелбата беше усвоена во 1961. Беа прифатени нови членови од Повелбата кои се однесуваа на:

- Право на заштита во случај на престанок на работен однос
- Право на заштита во случај на сексуално вознемирување на работно место и други форми на вознемирување
- Право на претставниците на вработените на заштита во претпријатијата и средства за извршување на нивните функции кои треба да им се обезбедат

Сепак одредени членови кои се однесуваа за: право на заштита од сиромаштија и социјална исклученост, право на домување, како и одредени одредби кои се однесуваа на правото на работниците со семејни обврски на еднакви можности и еднаков третман не беа прифатени.

Во таа насока Повелбата и прифатените членови и одредби содржат дополнувања кои се однесуваат на зајакнување на принципот на недискриминација, подобрување на родовата еднаквост во сите полиња покриени со Повелбата, подобрена заштита на мајчинството и социјална заштита на мајките, подобра социјална, правна и економска заштита на децата кои се вработени, подобра заштита на лицата со посебни потреби.

Република Македонија е земја која се залага да стане членка на **Европската Унија.** Процесот на европска интеграција налага хармонизација на законодавството во областа на социјалната заштита, промовирање на принципот на доброто управување, пренесување на добрите европски практики и стандарди. Во таа смисла Република Македонија ги усогласува своите стратешки документи со стандардите поставени во: Повелбата за основните права на Европската унија (која меѓу другите, гарантира и право на социјално осигурување, социјална помош и право на здравствена заштита на луѓето од Европа), директивите 2000/43/ЕС (за спроведување на принципот на еднаков третман помеѓу луѓето без разлика на нивната раса или етничко потекло), 2000/78/ЕС (за воспоставување на општа рамка за еднаков третман при вработувањето и занимањето), 2004/113/ЕС (за спроведување на принципот на еднаков третман на мажите и жените во пристап до и набавката на стоки и услуги), како и Стратегијата за модернизација на социјалната заштита. Во оваа насока сите стратешки документи од областа на социјалната заштита, се усогласуваат со Националната програма за усвојување на правото на европската унија и Акцискиот план за европското партнерство.

## 3. Домашна легислатива: законски акти, стратешки документи и програми во доменот на социјалната заштита

Република Македонија се стреми да создаде соодветна легислатива која ќе обезбеди ефикасна заштита на социјалните права на граѓаните и реализација на уставната определба на Македонија како социјална држава. Бидејќи се работи за комплексна област, легислативата која обезбедува заштита на социјалните права опфаќа поголем број на прописи:

- Закон за социјална заштита
- Закон за семејство

- Закон за заштита на децата
- Закон за малолетничка правда
- Закон за еднакви можности на мажите и жените
- Закон за спречување и заштита од дискриминација
- Закон за локална самоуправа
- Закон за установи
- Закон за здруженија и фондации
- Закон за јавно – приватни партнерства и концесии

Исто така Република Македонија разви стратешки документи во кои се дефинирани дел од целите за развој на социјалната заштита.

- Национален план за акција за родова рамноправност 2007 - 2012
- Национална стратегија за вработување 2015
- Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2008 - 2011
- Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2008 – 2015
- Национална стратегија за деинституционализација 2008 – 2018
- Програма за социјална инклузија
- Акционен план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија
- Национална стратегија за домување
- Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност (ревидирана) 2010 - 2018
- Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010 - 2020
- Национална стратегија за стари лица 2010 – 2020
- Национална програма за развој на социјалната заштита 2011 - 2021

## 4. Закон за социјална заштита

Основен документ со кој е уредено остварувањето на социјалната заштита во Република Македонија е **Законот за социјална заштита.**

Социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на

животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Под социјален ризик се подразбира:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност)
- ризици на старост и стареење
- ризици на еднородителско семејство
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и сл.
- ризици од сиромаштија и
- ризици од друг вид на социјална исклученост.

Социјалната заштита на граѓаните државата ја остварува во согласност со начелото на социјална праведност.

Државата го воспоставува системот на социјална заштита и го овозмжува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално – заштитната дејност и развива форми на самопомош.

Носители на социјална заштита се Републиката, општината, Градот и општините во градот, во рамки на нивните надлежности, а во согласност со Законот за социјална заштита.

Владата донесува Национална програма за развој на социјалната заштита, во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развојот на социјалната заштита на граѓаните на РМ, со мерки на активна социјална политика, на среден и долг рок. Владата донесува годишна Програма за остварување на социјалната заштита, со која ги утврдува подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението, социјалната превенција и начинот и средствата за остварување на социјалната заштита.

Врз основа на правата од социјалната заштита, а под услови утврдени со Законот за социјална заштита се преземаат мерки преку кои се остварува: социјална превенција, вонинституционална и институционална заштита и парична помош од социјалната заштита.

Системот и организацијата на социјалната заштита го сочинуваат установите, институциите, мерките, активностите и формите кои се остваруваат во рамки на реализирањето на правата на граѓаните од доменот на социјалната заштита.

Системот се остварува преку стручна работа во установите за социјална заштита, спроведување на развојни програми, стручно усовршување на работниците во зависност од потребите на корисниците и меѓународните стандарди, следење на појавите и планирање на работата, водење на евиденција, како и спроведување на

надзор и истражувачка работа во оваа област. Покрај мерките за социјална заштита на граѓаните, грижата на државата за спречување на социјален ризик, се остварува и преку преземање на мерки во даночната политика, вработувањето, политиката на стипендирање, домувањето, заштита на семејството, здравството, воспитание и образование и во други подрачја во согласност со закон.

Министерството за труд и социјална политика е централната институција која врши креирање на политиките, управување како и надзор над законитоста на спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита. ЈУ Заводот за социјални дејности е установа за проучување на социјалните појави и прблеми и унапредување на социјалните дејности. Исто така оваа институција врши надзор и врз стручната работа во установите за социјална заштита како и другите правни и физики лица кои вршат определени работи во социјалната заштита.

Системот за социјална заштита се остварува преку основање на установи за социјална заштита, центри за социјална работа, социјални установи за институционална и вонинституционална заштита). Центрите за социјална работа се јавни установи, со јавни овластувања, за вршење на работите од социјалната заштита. Тие се одговорни за администрација на социјалните парични надоместоци и обезбедување на социјални услуги.

Општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје исто така треба да донесат програми за задоволување на потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита и овие програми треба да бидат во согласност со Национаолна Програма за развој на социјалната заштита. Тие исто така во согласност од нивните можности можат да утврдуваат и други права во областа социјална заштита, права во поголем обем од обемот на правата утврдени со Законот за социјална заштита и поповолни услови за нивно остварувањс, како и други облици на социјалпа заштита.

Работи од областа на социјалната заштита, под услови, на начин и постапка утврдени со Законот за социјална заштита може да врши и Здружение на граѓани кое е воведено во регистарот на МТСП, како и физичко лице кое има дозвола за работа издадена од Министерот за труд и социјална политика. Верските заедници, религиозните групи и нивните здруженија кои се регистрирани во Република Македонија можат да им помагаат на лицата кои имаат потреба од одделни видови на социјална заштита, во согласност со Законот за социјална заштита.

Вклучувањето на општините, здруженијата на граѓани, верските заедници религиозните групи и нивните здруженија, физичките лица, како и приватниот сектор

во доменто на социјална заштита има за цел зголемување на активностите во доменот на социјалната заштита, како и подобрување на услугите за социјална заштита за граѓаните.

## 5. Принципи на социјалната заштита во Република Македонија

Фазата на реформи во социјалната заштита започна во 2004 година. Тогаш се воведуваат нови принципи во социјалната заштита, принципите на плурализам, инклузија, децентрализација и деинституционализација.

Но, земајќи ги предвид целите на истражувањето во овој дел од трудот ќе бидат елаборирани само принципите на децентрализација и плурализација.

Целите на воведувањето на новите принципи на децентрализација и плурализација во социјалната заштита се подобрување на услугите за социјална заштита на граѓаните преку подобрување на капацитетите на локалната самоуправа во обезбедувањето на услуги и облици на социјална заштита на граѓаните и вклучување на различни правни и физички лица, вклучувајќи ги и здруженијата на граѓани, како и верските заедници во обезбедувањето на одредени услуги на социјалната заштита. Исто така цел на принципот на инклузија е соодветна покриеност на сите ранливи категории преку финансиска поддршка и програми за активирање.

### 5.1 Принципот на децентрализација социјалната заштита

Децентрализацијата на социјалната заштита во Република Македонија се спроведува како процес, поддржан со паралелно спроведување на процесот на плурализацијата во социјалната заштита и давање можност различни субјекти да се јават како даватели на одредени услуги од социјална заштита. Децентрализацијата на социјалните услуги на некој начин е наметната со фактот дека локалните потреби на граѓаните се различни во секоја општина, поради демографски, економски и други разлики и специфични потреби од социјална заштита на граѓаните. Од тие причини услугите се насочуваат кон заштита на различни групи на корисници, како што се лицата со инвалидност, децата без родители и родителска грижа, децата со пречки во менталниот и телесниот развој, децата на улица, децата со воспитно – социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик,

лицата кои злоупотребуваат дроги, други психотропни супстанци, прекузори или алкохол, лицата жртви на семејно насилство, лицата жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа.

Одговорите на овие потреби не само што се разликуваат за секоја поединечна категорија на корисници по видот и бројот на услуги кои се потребни за нивна помош и заштита, туку и во поглед на потребата за заеднички одговор и соработка помеѓу образовните, здравствените, социјалните и други институции на локално ниво.

Со цел за унапредување на социјалните услуги, на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје им е дадена можност да се јават како даватели на услуги наменети за социјално исклучените лица, паралелно со социјалната заштита која ја обезбедува државата. Оваа функција се остварува преку донесување на развојни програми за специфичните потреби на граѓаните од советот на општината, остварување на институционалната и вонинституционаланта заштита и подигање на свеста на населението за потребите на социјаланта заштита. Исто така Општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје можат со своја одлука, во согласност со материјалните можности, да утврдуваат и други права и облици на социјална заштита.

Во сферата на обезбедување на социјалните услуги, единиците на локалната самоуправа можат да основаат установи за социјална заштита, освен центар за социјална работа и установа за деца со воспитни проблеми и асоцијално однесување. За развој на вонинституционалните облици на заштита, дадена е можност за основање на центри за дневно и привремено прифаќање на корисници. За остварување на овие функции, овозможено е воспоставување на меѓуопштинска соработка во поглед на основање и управување со заеднички установи и дневни центри. При извршување на своите надлежности, општините имаат можност истите да ги делегираат на правни и физички лица, вклучувајќи го и невладиниот сектор на своето подрачје.

## 5.2 Принципот на плурализација во социјалната заштита

Воведувањето на принципот на плурализацијата во давањето услуги од социјалната заштита значи дека покрај државата која е основен носител на социјалната заштита, во социјалната заштита ќе можат да се вклучат и други носители: правни лица, физички лица, здруженија на граѓани, односно невладиниот сектор и верските заедници.

Така здруженијата на граѓани, верските заедници и нивните здруженија, религиозни групи и други непрофитни организации, можат да обезбедуваат социјална превенција, вонинституционални и институционални облици на социјална заштита и други услуги и облици на социјална заштита.

Другите правни лица (приватен сектор) можат да обезбедуваат вонинституционални и институционални облици на социјална заштита и други услуги и облици на социјална заштита;

Физичките лица можат самостојно да вршат работи од социјалната заштита како професионална дејност, кои се однесуваат на советувалишна работа, домашна нега и помош на поединец и семејство и сместување лице во згрижувачко семејство.

Вклучувањето на овие носители во давањето на услуги од социјална заштита ќе значи:

- зголемен број на активности во рамки на социјалната превенција
- развој на инстутиционалните и вонистутиционалните облици на социјалната заштита - односно проширување на видот на услугите;
- подобра социјална заштита за сите категории на социјално исклучени лица, особено за оние за кои државата не успеала да обезбеди соодветна заштита;
- поголема достапност до сите социјално загрозени поединци, семејства и групи на население;
- приближување на социјалните услуги до граѓаните и вклучување на семејната и граѓанската подршка во социјалната заштита;
- воведување на конкурентност и подобрување на квалитетот на услугите;

## 6. Услуги и мерки од социјалната заштита

### 6.1 Социјална превенција

Со мерки и активности на социјална превенција се спечува настанување на социјалните ризици, рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, со цел надминување или ублажување на штетните последици од изложеноста на социјалниот ризик.

За остварување на социјалната превенција, се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на население особено преку:

- едукативно-советувалишна работа,
- развивање на формите на самопомош,
- волонтерска работа со лично ангажирање и
- примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјална заштита.

### 6.2 Вонинституционална заштита

Вонинституционалната заштита се остварува во или преку Центарот за социјална работа и опфаќа право на:

#### 6.2.1 Прва социјална услуга на корисници на социјална заштита

Правото на прва социјална услуга се состои во воочување на проблемот кој произлегува од состојба на социјален ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање на услуги.

#### 6.2.2 Помош на поединец

Правото на помош на поединецот, подразбира примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која му се овозможува стекнување на потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијали.

#### 6.2.3 Помош на семејство

Правото на помош на семејството, опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители - деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот.

### 6.2.4 Домашна нега и помош на поединец и на семејството

Правото на домашна нега и помош, се обезбедува на старо, изнемоштено и лице со телесна попреченост, и лице со умерена, тешка и длабока ментална попреченост кое не е во состојба да се грижи за себе и поради тоа му е потребна
нега и помош во задоволувањето на егзистенцијалните потреби. Домашната нега и помош на лицето се обезбедува и кога тоа живее во семејство.

### 6.2.5 Дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство

Правото на дневно згрижување во дневен центар се обезбедува на:

- старо, изнемоштено лице и друго возрасно лице;
- лице со умерена и тешка попреченост во менталниот развој и на лице со телесна попреченост кое не може само да се грижи за себе;
- дете со телесна попреченост;
- дете на улица;
- лице кое употребува, односно злоупотребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори и на членовите на неговото семејство
- лице кое злоупотребува алкохол или се лекува од зависнот од алкохол и на членовите на неговото семејство.

Правото на згрижување во центар за дневно и привремено прифаќање и згрижување се обезбедува на лице:

- бездомник
- жртва на семејно насилство и
- жртва на трговија со луѓе .

Помошта во дневно згрижување односно дневно и привремено прифаќање и згрижување се обезбедува и тогаш кога тие живеат во семејство.

### 6.2.6 Сместување во згрижувачко семејство

Право на сместување во згрижувачко семејство има лице кое нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребно сместување во згрижувачко семејство.

Правото на сместување во згрижувачко семејство се обезбедува на:

- дете без родители и дете без родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средно образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин;
- дете со воспитно-социјални проблеми (злоставувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство;
- малолетен сторител на кривично дело или прекршок;
- лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега;
- старо лице, возрасно лице со телесна попреченост и лице со пречки во менталниот развој кое не е во состојба само да се грижи, а поради станбената и семејната положба нема можност да му се обезбеди заштита на друг начин.

### 6.2.7 Сместување во мал групен дом

Право на живеење во мал групен дом има дете без родители или без родителска грижа, со воспитно-социјални проблеми, со пречки во менталниот или телесниот развој, лице со ментална или телесна попреченост, кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство, кое нема семејство или од други причини му е потребно сместувањето во мал групен дом.

### 6.2.8 Самостојно живеење со поддршка

Право на самостојно живеење со поддршка има лице со ментална или телесна попреченост, преку самостојно и организирано живеење во посебна станбена единица со постојана или повремена помош од стручни или други лица во остварување на основните животни потреби, социјални, работни, културни, рекреативни и други потреби.

## 6.3 Институционална заштита

Институционалната заштита опфаќа право на оспособување за работно-производна активност и право на сместување во установа за социјална заштита.

### 6.3.1 Право на оспособување за работно-производна активност

Право на оспособување за работно-производна активност има лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој.

Правото на оспособување за работно-производна активност опфаќа упатување во установа за социјална заштита или во друго правно лице кое ги исполнува потребните услови, надоместок на трошоци за сместување и исхрана, надоместок на трошоци за оспособување за работно-производна активност и надоместок на трошоци за превоз.

### 6.3.2 Право на сместување во установа за социјална заштита

Право на сместување во установа за социјална заштита, има лице кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребно сместување во установа за социјална заштита, а не може да се примени друг облик на социјална заштита.

Право на сместување во установа за социјална заштита, се обезбедува на:

- дете без родители и дете без родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин;
- дете со воспитно-социјални проблеми, занемарено, запоставено, злоставувано, материјално необезбедено дете и дете жртва на семејно насилство;
- дете со нарушено поведение;
- бремена жена еден месец пред породувањето и самохран родител со дете до тримесечна возраст;
- лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој упатено на оспособување за работно-производна активност, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега ;
- старо лице, возрасно лице со телесна попреченост и лице со пречки во менталниот развој кое не е во состојба само да се грижи, а поради станбената и семејната положба нема можност да му се обезбеди заштита на друг начин
- лице барател на право на азил.

Децата без родители и родителска грижа, децата со воспитно – социјални проблеми и децата со нарушено поведение можат да се сместат и во ученички дом или друга установа за која центарот ќе оцени дека установата може да обезбеди чување, згрижување, воспитание, образование и нормален развој на детето.

## 6.4 Права на парична помош од социјална заштита

Права на парична помош од социјална заштита се:

### 6.4.1 Социјална парична помош

Право на социјална парична помош има лице способно за работа и домаќинство, материјално необезбедено и кое според други прописи не може да обезбеди средства за егзистенција.

### 6.4.2 Постојана парична помош

Право на постојана парична помош има лице неспособно за работа и материјално необезбедено, кое не може да обезбеди средства за својата егзистенција врз основа на други прописи.

Неспособно за работа се смета лице:

- со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој и лице со комбинирани и други пречки во развојот, кое заради степенот на попреченоста не може да се стекне со образование, како и лице со телесна попреченост, поради која е неспособно за работа;
- лице душевно заболено и лице со трајни промени во здравствената состојба, поради која е неспособно за работа;
- самохрана жена за време на бременоста еден месец пред породувањето и самохран родител согласно со Законот за семејството до три години возраст на детето;
- дете без родители и без родителска грижа кое не се штити врз основа на правото на сместување, кое нема приходи по основа на имот и имотни права и не остварува средства по основа на други прописи, но најмногу до 18 годишна

возраст;

- лице постаро од 65 години;

### 6.4.3 Парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа

Право на парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа има лице кое нема приходи и имот од кој може да се издржува, до наполнување на 26 години возраст.

### 6.4.4 Парична помош на мајка која родила четврто дете

Право на парична помош има мајка која родила четврто живородено дете од 1 јануари 2009 година. Ова право го остварува мајка, која се грижела за децата до нивната 18 годишна возраст, која е невработена и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години живот.

### 6.4.5 Паричен надоместок за помош и нега од друго лице

Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице има лице над 26-годишна возраст, со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги задоволува основните животни потреби, доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.

### 6.4.6 Еднократна парична помош и помош во натура

Еднократна парична помош или помош во натура се доделува на лице или семејство кое се нашле во положба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа.

### 6.4.7 Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот

Правото на надоместок на плата за скратено работно време се остварува поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот и со најтешки облици на хронични заболувања.

### 6.4.8 Парична помош за социјално домување

Правото на парична помош за социјално домување, се обезбедува на социјално загрозени лица - станбено необезбедени:

- корисници на постојана парична помош и
- лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст.

### 6.4.9 Право на здравствена заштита

Право на здравствена заштита имаат корисниците на:

- постојана парична помош;
- лица сместени во згрижувачко семејство;
- лица сместени во установа за социјална заштита, (за институционална и вонинституционална заштита);
- корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице,
- лице кое до 18 - годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, најмногу до 26 години, а користи социјална парична помош -лице-жртва на семејно насилство за кое се превзема мерка на заштита согласно законот за семејство и
-лице опфатено со организирано самостојно живеење со поддршка.

Корисниците го остваруваат правото на здравствена заштита ако не можат да се осигураат со ова право по друга основа.

**ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ**

## 1. Формулирање на проблемот на истражување

Реформите поврзани со децентрализацијата на полето на социјална заштита беа започнати и се одвиваа паралелно со генералниот процес на децентрализација на локалната самоуправа во Македонија. Процесот започна во 2004 година и беше поврзан со барањето да се применат меѓународни конвенции и препораки за усогласување со законодавството на ЕУ.

Измените и дополнувањата на Законот за измени и доплнувања на законот за социјална заштита (65/04) кои беа донесени во пакет со другите закони за децентрализација, ја потврдуваат важноста од врската и паралелниот развој на процесите на децентрализација, деинституционализација, инклузија и плурализација.

Според измените во Законот за социјална заштита, Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со овој закон, преку донесување сопствени развојни програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита, ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита. Според овие измени „Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје можат да обезбедат остварување на социјалната заштита на лицата со телесна попреченост, децата без родители и родителска грижа, децата со посебни потреби, децата на улица, децата со воспитно- социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на дроги и алкохол, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување на лицата изложени на социјален ризик, подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита, согласно со одредбите од овој закон."

Исто така според овие измени, „Здружение на граѓани и физичко лице можат да вршат работи од областа на социјалната заштита утврдени со овој закон".

Во 2009 година, донесен е нов Закон за социјална заштита, со кој се изврши редефинирање на системот и организацијата на социјалната заштита и во овој закон се проширува плурализацијата со давањето можност и верските заедници, религиозните групи и да се вклучат во давањето на одредени социјални услуги.

Основен проблем на ова истражување е да се одговори на прашањето: кои се предностите а кои слабостите од воведувањето на принципите на децентрализација и плурализација во социјалната заштита во Општина Велес.

## 2. Цели на истражувањето

### 2.1 Научна цел на истражувањето

Сознанијата кои ќе се добијат од истражувањето ќе покажат дали и колку сите релевантни локални чинители - Центарот за социјална работа, Општината, граѓанските здруженија, верските заедници и другите правни и физички лица, кои се вклучени во обезбедување на услуги и облици на социјалната заштита на локално ниво соработуваат меѓусебно при обезбедување социјална заштита на граѓаните. Исто така сознанијата кои ќе се добијат од истражувањето ќе покажат во која мера релевантните локални чинители, Центарот за социјална работа, Општината, здруженијата на граѓани, верските заедници и другите правни и физички лица, спроведуваат активности со цел превенција од настанување на социјални ризици, обезбедуваат облици на вонинституционална и институционална социјална заштита и во која мера обезбедуваат други услуги и облици на социјална заштита на лицата и семејствата кои се нашле во ситуација од социјална потреба. Целта на овие сознанија е да се утврди кои се предностите а кои недостатоците од процесот на децентрализација и плурализација на социјалната заштита во Општина Велес.

### 2.2 Практична цел на истражувањето

Практичната цел на истражувањето е во насока на подобрување на состојбите при обезбедувањето на облици на социјална заштита, поголемо, поактивно и поадекватно вклучување на релевантните чинители на локално ниво (Центар за социјална работа, општина, здруженија на граѓани, верски заедници, приватен сектор) во обезбедувањето на облици на социјална заштита, утврдени со Закон, подобра меѓусебна соработка и координирано делување при обезбедувањето облици и услуги во социјалната заштита

на локално ниво и развивање посоодветен пристап и пружање поадекватен одговор кон проблемите и потребите кои се јавуваат во рамки на општината.

### 2.3 Посебни цели на истражувањето

- Во која мера **Центарот за социјална работа** – Велес соработува со другите локални институции и организации при обезбедување на услуги и облици на социјална заштита;
- Кои видови мерки презема **Општината** во насока на остварување на социјална превенција, вонинституционална и институционална заштита и други услуги и облици на социјална заштита;
- Во која мера **здруженијата на граѓани** обезбедуваат социјална превенција, вонинституционални и институционални облици на социјална заштита и други услуги и облици на социјална заштита;
- Во која мера **верските заедници** обезбедуваат социјална превенција, вонинституционални и институционални облици на социјална заштита и други услуги и облици на социјална заштита;
- Во која мера **други правни лица (приватен сектор)** обезбедуваат вонинституционални и институционални облици на социјална заштита и други услуги и облици на социјална заштита;
- Дали во Општината постојат **физички лица** кои вршат работи од социјалната заштита како професија и какви услуги и облици на социјална заштита тие обезбедуваат;
- Каква е **соработката меѓу сите релевантни институции и организации на локално ниво** (Центарот за социјална работа, Општината, здруженијата на граѓани, верските заедници, другите правни лица и физички лица) во процесот на обезбедување на социјална превенција и обезбедување облици на социјална заштита;

## 3. Предмет на истражувањето

### 3.1. Теоретско определување на предметот

Предмет на ова истражување ќе бидат соработката меѓу ЦСР - Велес и локалните институции и организации при обезбедувањето на услуги и облици на социјална заштита. Исто така предмет на ова истражување ќе бидат услугите и облиците на социјална заштита кои ги обезбедуваат Општина Велес, здруженијата на граѓани, верските заедници и други правни и физички лица во Општината, како и соработката меѓу сите локални релевантни чинители, Центарот за социјална работа – Велес, Општина Велес, здруженијата на граѓани, верските заедници и други правни и физички лица на територија на општина Велес, кои обезбедуваат услуги и облици на социјална заштита.

Во рамките на ова истражување ќе се испита колку ЦСР – Велес соработува со локалните институции и организации при обезбедувањето услуги и облици на социјална заштита.

Исто така во рамките на ова истражување ќе се испита во која мера Општината, здруженијата на граѓани, верските заеднци и другите правни и физички лица, спроведуваат активности со цел превенција од настанување на социјални ризици, обезбедуваат облици на вонинституционална заштита и институционална заштита, и во која мера обезбедуваат други услуги и облици на социјална заштита на лицата и семејствата кои се нашле во ситуација од социјална потреба. Дали во рамки на оваа Општина се спроведуваат активности со цел превенција од настанување на социјални ризици и кој ги спроведува, дали се обезбедуваат облици на вонинституционална заштита, дали постојат советувалишта, центри за денвно и привремено згрижување и под чија надлежност се тие, дали постојат установи со цел институционална заштита и под чија надлежност се тие и дали во општината се обезбедуваат други услуги и облици на социјална заштита со цел заштита на лицата и семејствата кои се нашле во ситуација од социјална потреба и кој тие ги обезбедува.

Исто така во рамките на ова истражување ќе се испита каква е соработката меѓу релевантините чинители на локално ниво, Центар за социјална работа, Општината, здруженијата на граѓани, верските заеднци и другите правни и физички лица при обезбедувањето социјална превенција, вонинституционални и институционални облици на социјална заштита и други услуги и облици на социјална заштита и дали тие

имаат развиено механизам за меѓусебна соработка со цел поуспешно обезбедување на услуги и облици на социјална заштита.

### 3.2 Дефинирање на клучните поими

**Вонинституционална заштита,** облици на заштита и помош на поединец, семејство и заедница кои немаат институционален карактер, како што се домашна нега и помош, сместување во згрижувачко семејство, мали групни домови и слично.

**Деинституционализација** е процес на реформа насочен кон замена на институционалната заштита со локални и алтернативни услуги. Се реализира под претпоставка дека на лицата опфатени со институционална заштита повеќе не им е неопходно згрижување во институција или дека потребите на корисниците можат да се задоволат преку услуги во заедницата.

**Децентрализација** е процес на пренесување на надлежности од централно на локално ниво, при што локалните органи добиваат самостојност на одлучување и дејствување.

**Институционална заштита** опфаќа право на оспособување за работно-производна активност и право на сместување во установа за социјална заштита.

**Плурализација** во давањето услуги од социјална заштита значи дека покрај државата која е основен носител на социјалната заштита, во социјалната заштита да се вклучат и други носители: приватни правни лица, физички лица, здруженија на граѓани, односно невладиниот сектор, како и верските заедници, нивните здруженија и религиските групи.

**Социјални потреби** се потреби на поединецот како единка, односно потреби кои се се услов за негова егзистенција како човечко битие, како и потреби кои што ги задоволува поединецот во заедницата.

**Социјалната превенција** е преземање на мерки и активности за спречување на настанување на социјални ризици, рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, со цел надминување или ублажување на штетните последици од изложеноста на социјален ризик. За остварување на социјалната превенција се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно – советувалуишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со

лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјална заштита.

**Социјален проблем** е состојба која влијае врз значителен број луѓе како непосакувана појава, која со огледна распространетоста се смета за извор на тешкотии и незадоволства, а чие дејство може да се спречи или да се ублажи со организирана општествена акција.

**Социјална заштита** се парични надоместоци и лични социјални услуги обезбедени за лица кои не се покриени со ниедна програма за социјално осигурување, а кои немаат доволно средства за живеење за себе и за семејството.

## 4. Хипотези на истражувањето

### 4.1 Општа хипотеза на истражувањето

Процесот на децентрализација и плурализација доведуваат до зголемување на понудата и пристапноста на граѓаните до услугите од системот на социјална заштита.

### 4.2 Поединечни хипотези на истражувањето

- Соработката на Центарот за социјална работа – Велес, при обезбедување на услуги и облици на социјална заштита, со другите локални институции и организации не е на задоволително ниво.
- Општина Велес во недоволна мера се вклучува во обезбедување на социјална превенција, вонинституционална и институционална заштита и други услуги и облици на социјална заштита;
- Постои недоволна застапеност на здруженијата на граѓани во доменот на обезбедување на социјално заштитни услуги на локално ниво;
- Здруженијата на граѓани во недоволна мера се вклучени во обезбедувањето социјална превенција, вонинституционални и институционални облици на социјална заштита и други услуги и облици на социјална заштита;
- Верските заедници во недоволна мера се вклучени во обезбедувањето социјална превенција, вонинституционални и институционални облици на социјална заштита и други услуги и облици на социјална заштита;

- Во Општина Велес не постојат други правни лица кои обезбедуваат вонинституционални и институционални облици на социјална заштита и други услуги и облици на социјална заштита;
- Во Општина Велес не постојат физички лица кои вршат работи од социјалната заштита како професија;
- На локално ниво во Општина Велес, не постои систем и соодветни механизми за соработката меѓу сите релевантни институции и организации на локално ниво (Центарот за социјална работа, Општината, здруженијата на граѓани, верските заедници, другите правни лица и физички лица) при обезбедувањето на социјална превенција и други облици на социјална заштита;

## 5. Метод на истражување

### 5.1 Пристап – истражувачка стратегија

Во истражувањето се користеше квалитативен метод. Овој метод се користеше бидејќи тој ни овозможи добивање на податоци во форма на зборови од документи, описи и набљудувања.

### 5.2 Техники на собирање на податоци

За потребите на истражувањето беа конструирани шест инструменти во рамки на нестандардизирано интервју.

**Прашалникот за Центарот за социјална работа** содржи прашања кои се однесуваат на вклученоста на Центарот за социјална работа во спроведување на социјална превенција, дали постои и каква е соработката со општината, здруженијата на граѓани, верските заедници, други правни и физички лица на полето на спроведување на социјална превенција, обезбедување на вонинституционална заштита, институционална заштита и обезбедување права на парична помош од социјалната заштита. Сите прашања беа отворени.

**Прашалникот за Општина Велес** содржи прашања кои се однесуваат на вклученоста на општината во доменот на социјалната заштита и унапредување на социјалната заштита на локално ниво, потоа какви видови превентивни активности

презема Општината, дали Општината обезбедува вонинституционални, институционални форми на социјална заштита и други услуги или облици на социјалната заштита, како и дали има и во каква форма, соработка со Центарот за социјална работа, здруженијата на граѓани, верските заедници и други правни и физички лица на полето на социјалната заштита. Сите прашања беа отворени.

**Прашалникот за здруженијата на граѓани** содржи прашања за вклученоста на здруженијата на граѓани во социјално превентивни активности, обезбедување на вонинституционали и институционални облици на социјална заштита, обезбедувањето други услуги и облици на социјална заштита, како и дали има и во каква форма, соработка со Центарот за социјална работа, Општината, верските заедници, другите здруженија на граѓани и други правни и физички лица на полето на социјалната заштита. Сите прашања беа отворени.

**Прашалник за верските заедници** содржи прашања за вклученоста на верските заедници во доменот на социјалната заштита на локално ниво, во социјално превентивни активности, обезбедување на вонинституционали и институционални облици на социјална заштита и обезбедувањето други услуги и облици на социјална заштита. Исто така прашалникот содржи прашања за постоењето и формите на соработка на верските заедници со Центарот за социјална работа, Општината, здруженијата на граѓани, другите верски заедници и други правни и физички лица на полето на социјалната заштита. Сите прашања беа отворени.

**Прашалникот за физички лица** содржи прашања за тоа какви услуги и облици на социјална заштита тоа обезбедува, дали физичкото лица обезбедува советувалишна работа, домашна нега и помош на поединец и семејство или сместување лице во згрижувачко семејство, како и каква е соработката со Центарот за социјална работа, Општината, здруженијата на граѓани, верските заедници и други правни и физички лица на полето на социјалната заштита. Сите прашања беа отворени.

**Прашалникот за приватен сектор** содржи прашања за тоа какви облици и услуги на социјална заштита обезбедува приватниот сектор, дали обезбедува дневно и привремено згрижување со цел помош на поединецот и семејството како облик на вонинституционална заштита, дали има основано установа и обезбедува облици на институционална заштита и каква е соработката со Центарот за социјална работа, Општината, здруженијата на граѓани, верските заедници и другите правни и физички лица на полето на социјалната заштита. Сите прашања беа отворени.

Истовремено за потребите на истражувањето се примени и анализа на содржина на следниве документи: Статут на Општина Велес, Деловник на Советот на Општина Велес, Систематизација на работни места во општина Велес, Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2013 година, Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2012 година, Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2011 година, Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година, Локална младинска стратегија за Општина Велес 2012 – 2016, Стратегија Грижа за стари лица - трета животна доба, Меморандум за соработка при имплементација на проектот „Грижа за стари лица – трето животно доба 2012“ Велес, Локален акциски план за лица со инвалидност во Општина Велес 2011 – 2015, Пријава за прибирање предлози за креирање на програмите за активностите на Општина Велес во областа на образование, култура, социјална и здравствена заштита, спорт и млади и поддршка на граѓански организации за 2012 година

## 5.3 Дефинирање на истражувачкиот примерок

Интервјуата во ова истражување беа спроведени со лицата кои имаа раководни позиции во ЦСР Велес, Општина Велес, три граѓански здруженија[13] и две верски заедници:

- Пет лица на раководни позиции во ЦСР Велес
- Раководителката на Одделението за јавни дејности во Општина Велес, самостојниот референт за поготовка на документи за потребите на одделението, самостојниот референт за социјална и детска заштита и со помладиот референт за спорт и соработка со немнозинските заедници во Општина Велес
- Митрополитот на Повардарската епархија во Велес (Македонската православна црква)

[13] Невладините беа избрани врз основа на тоа дали се регистрирани во регистарот на Министерството за труд и социјална политика како здруженија кои обезбедуваат облици и услуги во доменот на социјалната заштита и колку се активни во овој домен на локално ниво. НВО ЦИР „Виготски“ е регистрирана во МТСП како здружение на граѓани од областа на социјалната заштита, а Општинската организација на Црвениот крст Велес и Здружението на пензионери се активни невладини организации во областа на социјалната заштита. ОО Црвен Крст Велес е невладина органзација регистрирана под посебен закон, Закон за Црвениот крст на Република Македонија.

- Муфтијата на Велешкото Мувтивство во Велес (Исламската верска заедница)
- Одговорното лице за за социјално хуманитарната дејност во Општинска организација на Црвен крст Велес
- Претседателката на здружението на граѓани Центар за интегрална рехабилитација “Виготски”
- Секретарот на здружението на граѓани Здружение на пензионери Велес

## 5.4 Тек на истражувањето

Истражувањето се реализираше во периодот од април 2013 до ноември 2013. Сите испитаници беа интервјуирани од страна на истражувачот. Добиените податоци се однесуваат за периодот од јануари 2010 до декември 2012 година.

Истражувањето се одвиваше во природна средина, во простории на Центарот за социјална работа – Велес, Општина Велес, Општинската организација на Црвениот крст Велес и Здружението на пензионери Велес[14], во простории на Повардарската епархија во Велес (Македонската православна црква), во простории на Велешкото муфтивство во Велес (Исламската верска заедница).

Испитаниците беа запознаени со целта на истражувањето и беа известени дека нивните одговори ќе бидат користени само за потребите на овој труд.

# 6. Резултати од спроведеното итражување

## 6.1 Општи карактеристики на Општина Велес

Општина Велес има централна местопололжба во Република Македонија. Таа претставува значеан сообраќаен јазол каде што се вкрстуваат најважните патни и железнички сообраќајни правци на меѓународниот сообраќаен коридор кој ја поврзува Европа со Блискиот Исток и Северна Африка. Поради тоа сообраќајната инфраструктура има битно значење за долгорочниот стопански развој на општина Велес.

[14] НВО ЦИР „Виготски“ не располага со сопствени простории.

Низ подрачјето на општината поминуваат магистрални, регионални и локални патни правци. Градот Велес и општината како целина, се поврзани со државната и меѓународната патна мрежа преку патните правци од меѓународно и национално значење Табановце- Скопје- Велес- Гевгелија и Делчево- Штип- Велес- Градско- Прилеп- Битола- Меџитлија (алтернативно Битола- Струга- Ќафасан).

Железничкиот сообраќај се одвива преку железничкиот систем на Република Македонија. Низ општината поминуваат железничките правци:

- магистралната пруга Табановце-Скопје-Велес-Гевгелија,
- пругата Велес-Прилеп-Битола и
- пругата Велес-Штип-Кочани[15]

Административен центар на општината е градот Велес.

Во составот на општината се и 29 села: Башино Село, Белештевица, Бузалково, Ветерско, Горно Каласлари, Горно Оризари, Долно Каласлари, Долно Оризари, Иванковци, Карабуњиште, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ново Село, Ораовец, Отовица, Раштани, Рлевци, Рудник, С'лп, Сливник, Сојаклари, Сопот, Црквино, Чалошево и Џидимирци.

Во минатото, Велес беше еден од најголемите индустриски центри во поранешна Југославија. Денес, Велес е град на мали и средни претпријатија. Главни стопански гранки се текстилна индустрија, прехрамбена индустрија, металопреработувачка индустрија, преработка на кожа, керамичка индустрија, трговијата.

Велес бил центар на културниот развој на Македонија, град во кој е создадена првата театарска претстава и првото училиште на македонски народен јазик, роден град на најголемиот македонски поет Кочо Рацин, град со богато архитектонско наследство, седиште на Националната асоцијација на градови од Македонија со архитектонско наследство, седиште на Вардарскиот плански регион.

Според статистичките податоци од пописот во 2002 година, по новата територијална поделба, Општина Велес брои 55 108 жители од кои:

- 50,1% се од машки пол (27 632);
- 49,9% се од женски пол (27 476);

Националната структура на населението е следна:

- 46 767 (84,86%) се Македонци

[15] http://www.veles.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2189&Itemid=237

- 2 406 (4,37%) се Бошњаци
- 2 299 (4,17%) се Албанци
- 1 724 (3,13%) Турци
- 800 (1,45%) Роми
- 540 (0,98%) Срби
- 343 (0,62%) Власи
- 229 (0,42%) други националности[16].

Во Општина Велес постојат следните основни училишта:

- Општинско основно училиште „Св. Кирил и Методиј" – Велес
- Општинско основно училиште „Стојан Бурчевски Буридан" - с. Иванковци
- Општинско основно училиште „Рајко Жинзифов" - с. Долно Оризари
- Општинско основно училиште „Јордан Х.К.-Џинот" – Велес
- Општинско основно училиште „Васил Главинов" – Велес
- Општинско основно училиште „Благој Кирков" – Велес
- Општинско основно училиште „Блаже Конески" - Велес

Во градот има и едно училиште за образование на деца со лесни пречки во развојот, Посебното основно училиште Маца Овчарова.

Исто така во градот делува и Основното музичко училиште „Стефан Гајдов".

За предучилишно образование постојат и работат 6 организациони единици на предучилишната установа „Димче Мирчев".

Во општината постојат и четири училишта за средно образование:

- ОССУ „Коле Неделковски" – Велес
- ОССУ „Димитрија Чуповски" – Велес
- ОСУ „Јовче Тесличков" – Велес
- ОСУ Гимназија „Кочо Рацин" – Велес

Во градот постои и интернат за сместување на ученици од средното образование.

Во градот постојат и следните културни институции:

- Локална библиотека „Гоце Делчев"
- ЛУ Народен музеј Велес

[16] http://www.veles.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=10&Itemid=35

Во Велес во учебната 2013/2014 студенти од прва година се запишаа на прв циклус студии на следниве факултети:

- Техничко - Технолошкиот факултет Велес при Универзитетот Св. Климент Охридски Битола (две студиски програми: нутриционизам и прехранбена технологија и биотехнологија)
- Технички факултет Битола при Универзитетот Св. Климент Охридски Битола, дисперзирани студии Велес (програма за информатика и компјутерска техника)
- Факултет за туризам и угостителство Охрид, при Универзитетот Св. Климент Охридски Битола, дисперзирани студии Велес (програма за хотелско-ресторански менаџмент)
- Економскиот факултет Скопје при Универзитетот Св. Кирил и Методиј Скопје, дисперзирани студии Велес (програма за сметководство и ревизија)

Во Општина Велес функционира Меѓуопштинскиот центар за социјални работи – Велес кој со своето делување ги покрива подрачјата и на општините Чашка и Градско. Во Општината, во рамки на Центарот за социјална работа функционира Дневниот центар за лица со посебни потреби и Дневен центар за наркозависници.

Во Општина Велес функционира Клуб за стари лица кој обезбедува можности за пообрување на социјалниот живот на старите лица и пристап до информатичка технологија.

Општинската организација на Црвен крст Велес спроведува проект Нега на стари лица во домашни услови, во чии рамки се спроведуваат посети на стари лица во градот. На старите лица им се обезбедуваат следните услуги: набавка на храна, весници, плаќање на сметки, мерење на шеќер, притисок, дружење. Проектот се спроведува веќе две години.

Исто така Македонската православна црква има отворено црковна народна кујна, во која најзагрозената категорија граѓани добиваат по еден бесплатен оброк пет дена во неделата.

Во општината функционира уште една народна куна, финансиски поддржана од Министерството за труд и социјална политика.

Во општината не постои засолниште за жртви на семејно насилство, Дом за стари лица и Центар за ран детски развој во руралните средини.

## 6.2 Меѓусекторската соработка на Центарот за социјална работа на локално ниво

Разговорот беше реализиран со пет лица на раководни позиции во ЦСР Велес: еден психолог, двајца социјални работници, еден правник и социолог.

### 6.2.1 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Центарот за социјална работа во доменот на социјалната превенција во Општина Велес

Социјалната превенција е преземање на мерки и активности за спречување на настанување на социјален ризик, рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик. Според истражувања реализирани во меѓународни рамки, средствата потрошени за превенција значат седум пати намалување на средставата потрошени за заштита.

Во разговорот со претставниците на Центарот за социјална работа беше истакнато дека ЦСР е вклучен во превентивни активности. Стручни лица од ЦСР биле вклучени во едукации во рамки активности реализирани во соработка со општината, невладините организации итн.

Во однос на соработката со **Општината** на полето на социјалната превенција беше истакнато дека ЦСР остварува соработка со Општината. Соработката на ЦСР со општината во доменот на социјалната превенција се остварува пред се преку учество на стручни лица на ЦСР во мултисекторски тимови кои се формирани од страна на Општината. Така, претставник на ЦСР, дипломиран социјален работник, е член на општинскиот совет за превенција од малолетничко претстапништво. Советот е формиран во 2012 година. Стручни лица од ЦСР на покана на претставници од основните училишта спроведувале едукации во основните училишта на тема „Малолетничко претстапништво".

Во однос на соработката на ЦСР со **здруженијата на граѓани** на полето на социјалната превенција беше истакнато дека стручни лица на ЦСР на покана и иницијатива на одредени здруженијата на граѓани имаат учествувано и реализирано превентивни активности. ЦСР ја истакнува соработката со Општинската организација Црвени крст Велес. Имено стручни лица на ЦСР биле вклучени и учествувале во кампања за спречување на сексуалната злоупотреба.

Исто така претставник на ЦСР е дел од патролниот тим кој детектира лица во социјален ризик. Тимот започнал да работи во април 2013 година и детектираните

случаи ќе се пријавуваат во ЦСР. Во тимот учествува и претставник на Црвениот крст и општината. Целиот проект е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика.

Исто така ЦСР ја истакна и соработката со НВО Здраво поколение, со која неколку години наназад соработувале на проектот за реализирање на бесплатно летување на планина на деца од семејства кои се корисници на социјална парична помош.

Во однос на соработката на ЦСР со **верските заедници** во доменот социјална превенција, беше истакнато дека тие немаат соработка со верските заедници

На прашањето дали во општината постојат **правни лица (приватен сектор)** кои обезбедуваат услуги и облици на социјална заштита беше кажано дека не постојат правни лица кои обезбедуваат услуги и облици на социјална заштита.

Во однос на прашањето дали во општината постојат **физички лица** кои вршат работи од социјалната заштита како професионална дејност беше кажано дека во општината не постојат физички лица кои како професионална дејност вршат работи од социјалната заштита.

### 6.2.2 Меѓусекторската соработка на Центарот за социјална работа во доменот на вонинституционална заштита во Општина Велес

ЦСР во рамки на своите законски надлежности обезбедува облици на вонинституционална заштита: прва социјална услуга, помош на поединец и семејство, обезбедување домашна нега и помош на поединец и семејство, дневно и привремено прифаќање и згрижување, обезбедување сместување во згрижувачко семејство, обезбедување сместување во мал групен дом, обезбедување самостојно живеење со поддршка.

Како установи за социјална заштита за вонинституционална заштита, како организациони единици на Центарот за социјална работа Велес, функционираат два дневни центри, Дневен центар за деца со пречки во развојот и Дневен центар за наркозависници.

**Дневниот центар за лица со пречки во развојот** работи секој работен ден од 08.30 до 16.30 часот. Во него работат четири лица. Тој во моментов обезбедува дневно прифаќање на 20 лица со пречки во развојот. Најчесто тоа се лица со умерени и комбинирани пречки во развојот, но има и лица со тешки пречки во развојот. Лицата

кои ги прифаќа Дневниот центар треба да се над 5 години, друго ограничување во однос на возраста нема. Работата со корисниците во Дневниот центар е поделена на две компоненти: активности за стекнување на културно – хигиенски навики (самостојна исхрана, облекување, соблекување итн.) и воспитно – образовни активност (основна писменост). Со родителите се реализираат индивидуални консултации и советувања поврзани со развојот на корисниците. Храната и превозот во Дневниот центар ги обезбедува МТСП.

**Дневниот центар за нарко зависници** работи секој работен ден од 07.30 до 15.30 часот. Тој ги обезбедува следните услуги: психо – социјална поддршка и здравсвени услиги. Психосоцијалната поддршка опфаќа: советодавни услуги, помош и поддршка при остварување на права од социјалната и здравна заштита, упатувања, индивидуална работа, работа во група и работа со семејства. Психо – социјалната поддршка ја обезбедува социјален работник, а по потреба се вклучуваат правник и психолог. Здравствените услуги вклучуваат метадонска терапија која ја одредува невропсихијатар и општ доктор, а секојдневно ја даваат две медицински сестри.

Во однос на соработката на ЦСР со здруженијата на граѓани при обезбедување на облици на вонинституционална заштита беше истакнато дека имаат добра соработка со Општинската организација Црвен крст Велес. Преку нивен проект се реализираат екскурзии и работилници со лицата од Дневниот центар. И НВО Виготски беше спомената како организација која реализира активности за лицата во Дневниот центар за лица со пречки во развојот.

Исто така беше беше истакнато дека претставник на ЦСР на иницијатива и покана на здружението на граѓани Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) има учествувано на работилница како едукатор на тема „Подобрување на упатните механизми меѓу релевантните чинители на локално ниво во случај на семејно насилство". Исто така беше истакната соработката со НСРР и Организацијата на жени Велес преку користење на услугите кои ги нуди Сервисот за бесплатна правна помош за жртвите на семејно насилство, воспоставен од НСРР и Организацијата на жени Велес.

Во однос на соработката на ЦСР со верските заедници при обезбедување на облици на вонинституционална заштита беше истакнато дека немаат воспоставено конкретна соработка.

Со оглед на тоа што во општината не постојат правни лица (приватен сектор) кои обезбедуваат услуги и облици на социјална заштита како и физички лица кои

вршат работи од социјалната заштита како професионална дејност во понатамошниот дел од разговорот што се однесува на соработката на ЦСР со релевантните чинители на локално ниво во доменот на вониституционалната заштита, институционалната заштита и правата од парична помош, прашањата за правните лица (приватен сектор) и физичките лица ќе бидат изземени.

### 6.2.3 Меѓусекторската соработката на Центарот за социјална работа во доменот на институционалната заштита во Општина Велес

Во однос на соработката на ЦСР со релевантните чинители на локално ниво при обезбедување на институционална заштита: право на сместување во институции од социјална заштита и право на оспособување за работно производствена активност беше истакнато дека во општината не постои институција за социјална заштита. Лицата кои имаат потреба од ваков вид заштита се упатуваат во другите градови.

ЦСР нема воспоставено соработка со Општината, здруженијата на граѓани и верските заедници при обезбедување на облици на иснституционална заштита. Исто така беше истакнато дека и во процесот на детектирање на случаи кои имаат потреба од институционална заштита досега не била воспоставена конкретна соработка со наведените чинители.

### 6.2.4 Меѓусекторската соработка на Центарот за социјална работа во доменот на обезбедувањето на права на социјална парична помош во Општина Велес

Во однос на соработката на ЦСР со релевантните локални чинители при обезбедувањето права на парична помош од социјалната заштита беше истакнато дека: ЦСР остварува соработка со Општината при обезбедувањето права на парична помош. Имено Општината доделува финансиска помош на лица и семејства кои наоѓаат во тешка материјална положба и има издвојувано финансиски средства за жртви на семејно насилство, самохрани родители, лица кои имаат потреба од лекување и сл. Исто така општината секоја година дава бесплатен училишен прибор и училишни ташни за децата во згрижувачки семејства. Општината исто така дава новогодишни пакетчиња на децата кои ги користат услугите на Дневниот центар за деца со пречки во развојот и на децата кои се од Општина Велес, а се без родители и родителска грижа и се сместени во институции или згрижувачки семејства

Во однос на соработката на ЦСР со верските заедници при обезбедувањето, права на социјална парична помош беше истакнато дека тие немаат соработка со вреските заедници, освен донација од новогодишни пакетчиња за децата од Дневниот центар за деца со пречки во развојот.

Во однос на соработката на ЦСР со здруженијата на граѓани при обезбедувањето на социјална парична помош беше истакнато дека имаат соработка со одредени невладини организации. ЦСР има добра соработка со Црвениот крст кои на лицата кои се во тешка материјална положба им доделува храна, душеци, ќебиња и облека.

Исто така во разговорот беа споменати и Ротари клубот, Мото клубот носачи на крстот како здруженија на граѓани кои донирале новогодишни пакетчиња во Дневниот центар за деца со пречки во развојот.

### 6.2.5 Други релевантни информации за Центарот за социјална работа

Претставниците на ЦСР истакнаа дека имаат официјални податоци за пријавени случаи кои имаат потреба некакви облици на социјална заштита, но не располагаат со социјална карта на Општината.

Во разговорот беше истакнато и дека Општината секоја година поканува претставници на ЦСР при изработката на годишните програми за социјална заштита.

## 6.3 Вклученоста на Општина Велес во доменот на социјалната заштита

Разговорот беше реализиран со претставници на општинската администрација на Општина Велес: раководителката на Одделението за јавни дејности, самостојниот референт за поготовка на документи за потребите на одделението, самостојниот референт за социјална и детска заштита и со помладиот референт за спорт и соработка со немнозинските заедници.

На почетокот беше истакнато дека во рамки на Општината постојат два сектори: сектор за јавни и правни дејности и сектор за урбанизам. Како посебни одделенија функционираат: одделението за инспекциски надзор и одделението за внатрешна ревизија. Во рамки на секторот за јавни и правни дејности функционира одделението за јавни дејности кое е надлежно за следните области: социјална заштита, здравствена заштита, образование, култура, спорт, соработка со здруженија на граѓани и фондации,

родова рамноправност. Во одделението работат 4 лица. Самостојниот референт за социјална и детска заштита е договорен за социјалната заштита. Тој е одговорен за координирање на активностите за имплементација на надлежностите на локалната самоуправа во доменот на здравствената и социјалнатазаштита.

Во рамки на советот на Општината функционираат 7 комисии. Како постојана комисија на Советот на Општината функционира Комисијата за општествени дејности која брои 5 членови. Комисијата за општествени дејности во рамките на правата и должностите на општината, ги разгледува прашањата од областа на културата, спортот, прашањата од областа на социјалната и детската заштита, предучилишното воспитување, основното и средното образование, основната здравствена заштита, прашања за доделување на награди и признанија и други прашања од областа на општествените дејности. Во доменот на социјалната заштита комисијата е надлежна да расправа за прашања од социјалната заштита, да дава мислења и предлози до Советот и да ги разгледува предлозите на Градоначалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од оваа област. Советот ја усвојува годишната Програма за социјална и здравствена заштита.

Општината во 2005 година за прв пат има развиено елаборат за социјална заштита.Тоа бил првиот документ во доменот на социјалната заштита развиен од општина во РепубликаМакедонија.

Во однос на прашањето за начинот на кој се изработува програмата беше истакнато дека при изработката на Програмата за социјална и здравствена заштита се користат: Националната програма за социјална заштита, меѓународните документи, законските одредби. Исто така при изработка на Програмата се вклучуваат и граѓанските организации и претставниците на институциите кои работат во доменот на социјалната заштита.

Општината ги има развиено следните документи во доменот на социјална заштита: Стратегија за стари лица 2011 – 2015 и Локален акционен план за лица со инвалидност 2011 - 2015. Исто така беше истакнато дека Општина Велес има потпишано меморандум за соработкасо МТСП за спроведување на активности од декадата на Ромите.

### 6.3.1 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Општина Велес во доменот на социјална превенција

Во разговорот беше истакнато дека во доменот на социјалната превенција се спроведуваат следните активности.

- Активности со цел превенција од болести на зависности
- Активности со цел превенција од туберколоза
- Активности со цел превенција од малолетничко престапништво
- Активности со цел превенција од социјално исклучување на лицата со инвалидност во доменот на: вработувањето, образованието, остварување на права од социјална заштита и здравствано осигурување, физичката пристапност, транспортот, пристапот до информации, културата, спортот.
- Активности со цел превенција од социјално исклучување на старите лица во доменот на: пристапот до информации, остварување на права од социјална и здравствана заштита, културата, спортот.
- Поддршка на проекти на локално ниво во доменот на социјалната превенција. Имено Општина Велес еднаш во годината објавува повик за предлог проекти во следните области: образование, култура, социјална и здравствена заштита, спорт и млади. На тој начин и невладините организации се вклучени во имплементирање на активности во доменот на социјална заштита и социјална превенција.
- Воспоставување на мултисекторски тела за социјална превенција. Во Општината бил основан и совет за социјална превенција, во претходниот мандат на Советот, но тој немал развиено програма за делување. Се планира основање на нов совет за социјална превенција
- Општина Велес со одлука на Советот има обезбедено простор, реконструкција и опремување на објект за Црковно-Народна кујна. Обезбедувањето на храната и одржувањето на кујната го спроведува Црквата.
- Општина Велес има обезбедено простор и опрема за народната кујна. Подетално, преку ОЈУДГ „Димче Мирчев“ се обезбедува храна за регистрирани корисници на постојана парична помош на возраст од над 65 години. Исто така обрска на општината е набавката на неопходната амбалажа за дистрибуција на храната и контролата над редовноста на дистрибуирањето на храната.

Дополнително Министерството за труд и социјална политика партиципира со финансиска поддршка, со цел непречено функционирање на народната кујна.

- Во Општина Велес се реализира проектот на МТСП „Патролен социјален работник". Во тимот е вклучен претставник на Општината - социјален работник. Исто така во тимот се вклучени претставници на ЦСР Велес и ОО Црвен крст Велес. Целта на оваа служба е преку директна комуникација со месните и урбаните заедници да се откриваат лица во ризик, но и навремено да се детектираат сите девијантни појави во средината – семејно насилство, проституција, просјачење, алкохолизам, наркоманија и сл.
- Општина Велес во август 2013 има воспоставено „СОС линија за помош". Овој телефон е за обезбедување помош и поддршка од областа на социјалната заштита, како и обезбедување помош и поддршка на жртви на семејно насилство. Исто така граѓаните имаат можност да остварат средба со стручните лица кои работат на сос линијата и да пријават случај. Основната цел на проектот е детекција и превенција на социјални случаи. Тимот „Патролен социјален работник" е одоговрен за давање на услугите на сос линијата.

Општина Велес при спроведувањето на социјалната превенција соработува со ЦСР Велес, здруженијата на граѓани и Црквата.

### 6.3.2 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Општина Велес во доменот на вонинституционалната заштита

Општина Велес е вклучена во спроведување на активности со цел домашна нега на стари лица. Имено, Општината е вклучена во проектот- Нега на стари лица во домашни услови, преку ангажирање на еден физиотерапевт во тимот (две медицински сестри, 20 волонтери и еден физиотерапевт) кој ги спроведува посетите и ги обезбедува услугите за старите лица. Преку овој проект на 60 стари лица во градот им се обезбедуваат следните услуги: набавка на храна, весници, плаќање на сметки, мерење на шеќер, притисок, дружење.

Исто така во разговорот беше истакнато дека Општината финансиски го поддржала реконструирањето на објектот и опремувањето на Клубот за стари лица во градот. Клуб за стари лица обезбедува можности за пообрување на социјалниот живот

на старите лица и пристап до информатичка технологија како и дневна здравствена контрола.

Во општината функционираат два дневни центри кои се организациони единици на Центарот за социјална работа Велес. Општината има финансиски поддржано одредени зафати при реконструкција на објектите каде се сместени дневните центри.

Општина Велес при спроведувањето на форми на вонинституционална заштита соработува со ЦСР Велес и здруженијата на граѓани.

### 6.3.3 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Општина Велес во доменот на институционалната заштита

Општина Велес нема основано институција за социјална заштита, но исто така не постои ваков вид на институција која е во надлежност на општината. Сепак беше истакнато дека Општината соработува со ЦСР Велес при обезбедување на институционална заштита. Имено на барање на ЦСР Велес Општината има обезбедувано средства за сместување на корисници на социјална помош во институции.

Општина Велес има воспоставено соработка со ЦСР Велес во овој домен.

### 6.3.4 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Општина Велес во остварувањето парична помош од социјална заштита

Општина Велес во текот на целата година издвојува средства со цел финансиска помош на лица и семејства кои се наоѓаат во социјален ризик. Општината издвојува средства за:

- Финансиска помош на социјално загрозени индивидуи и семејства
- Помош на лица жртви на семејно насилство
- Помош на маргинализирани лица (лица лекувани од болести на зависности, бездомници, поранешни затвореници и сл.)
- Ташни и училишен прибор за деца без родители и родителска грижа
- Поддршка на талентирани деца од социјално загрозени семејства
- Еднократна помош за матуранти од Домот за деца без родители и родителска грижа

- Новогодишни пакетчиња за деца без родители и родителска грижа и деца со посебни потреби

Општина Велес при обезбедувањето парична помош има воспоставено соработка со ЦСР Велес и здруженијата на граѓани.

### 6.3.5 Други релевантни информации за Општина Велес

Општината користи информации кои ги добива од надлежните институции, но нема спроведено истражување за потребите на лицата во ризик и социјално исклучените лица. Општината не располага со социјална мапа.

Во разговорот беше истакнато дека Советот одлучува за изборот на лица кои се членови на управните одбори на училиштата, и изборот на лицата зависи од политичката волја на Советот. Исто така општината сеуште не одлучува за систематизацијата на работни места во училиштата и затоа не може да практикува вработување на социјални работници вослужбите на училиштата.

## 6.4 Вклученоста на Македонската православна црква во доменот на социјалната заштита во Општина Велес

Разговорот беше реализиран со Митрополитот Повардарски. Во разговорот беше истакнато дека од 2006 година, откако е поставен за митрополит на Повардарската епархија, во рамки на Повардарската епархија и Велешко архиерејско намесништво се зголемени активностите на социјално поле преку активирање на православното македонско свештенство на полето на издаваштвото, хуманоста, едукациите.

### 6.4.1 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Црквата во доменот на социјалната превенција во Општина Велес

Во рамки на превентивните активности се реализираат предавања, се печатат брошури, списание „Православна светлина“ во кои покрај теолошки содржини се опфаќаат и теми за моралното и етичко однесување, алкохолизмот, семејните односи, брачните и предбрачни односи и сл.

Исто така од 2006 година во Општина Велес функционира Црковно народна кујна, које е отворена со поддршка на Македонскиот центар за меѓународна соработка и Општина Велес, а обезбедувањето на храната и одржувањето на кујната го обезбедува Црквата. Во кујната се хранат од 150 до 170 лица, кои се наоѓаат во тешка социјална и материјална положба. Овие лица добиваат по еден топол оброк пет дена во неделата, но исто така во кујната тие добиваат и облека.

Црквата исто така доделува стипендии на студенти кои студираат теологија, но исто така доделува и две стипендии на студенти кои студираат на други факултети.

Во однос на соработката на Црквата со ЦСР Велес на полето на социјалната превенција, се истакна дека досега немаат воспоставено меѓусебна соработка.

Во однос на прашањето на соработката на црквата со општината на полето на социјалната превенција беше истакнато дека во соработка со општината биле реализирани предавања во средните училишта во Велес.

Во однос на прашањето за соработката на црквата со Исламската верска заедница (ИВЗ) во Велес и велешкото муфтивството на полето на социјалната превенција се истакна дека немаат воспоставено меѓусебна соработка.

Во однос на прашањето за соработката на Црквата со здруженијата на граѓани од Велес на полето на социјалната превенција беше истакнато дека на покана на одредени невладини организации имаат реализирано предавања.

### 6.4.2 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Црквата во доменот на вонинституционалната заштита во Општина Велес

Црквата секојдневно обезбедува советувања, индивидуални како и на семејства, за сите кои ќе се обратат до неа.

Исто така Црквата во Велес во рамки на своите активности обезбедува бесплатна правна помош. Адвокат на кој му е овозможуваат канцеларија два пати во неделата обезбедува бесплатна правна помош за граѓаниите со низок социо економски статус.

Во однос на прашањето дали Црквата размислувала да основа дневни центри, беше истакнато дека црквата размислувала да основа институција за дневно згрижување на ранливи категории граѓани, но не располага доволно со финансии за да може самостојно тоа да го реализира.

На прашањето каква е соработката со ЦСР Велес, Општината, здруженијата на граѓани или ИВЗ на полето на вонинституционалната заштита беше истакнато дека немаат воспоставено конкретна соработка на ова поле.

### 6.4.3 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Црквата во доменот на институционалната заштита во Општина Велес

Во разговорот беше истакнато дека Црквата има размислувано за основање на институции од социјална заштита, особено за институции за згрижување на деца, болни и сл., но не располага доволно со финансии за да може самостојно тоа да го реализира.

Во однос на прашањето дали Црквата има соработувано со ЦСР Велес на полето на институционалната заштита (другите локални чинители: Општината, здруженијата на граѓани и ИВЗ не обезбедуваат ваква форма на заштита) беше истакнато дека немаат остварено конкретна соработка.

### 6.4.4 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Црквата во доменот на обезбедувањето парична помош од социјална заштита во Општина Велес

Црквата обезбедува финансиска помош во вид на еднократна помош на сиромашни граѓани, но и храна и облека за нив.

### 6.4.5 Други релевантни информации за Црквата

Црквата не поседува социјална карта на општината.

Црквата е отворена за соработка со сите релевантни чинители на локално ниво.

Црквата поседува простории (во рамки на манастирот Св. Димитрија) кои ги дава на користење на општината и на невладините организации за разни културни манифестации, изложби и сл.

Црквата соработува со општината но најмногу за организирање и прославување на христијанските празници во градот и реализирање на активности од областа на културата.

Црквата соработува со здруженијата на граѓани, но исто така најчесто за реализирање на културни активности.

Црквата соработувала со Зелената коалиција од Велес (коалиција на здруженијата на граѓани од Велес) во активности за спречување на рестартирањето на Топилницата во градот.

### 6.5 Вклученоста на Исламската верска заедница во доменот на социјалната заштита во Општина Велес

Разговорот беше реализиран со претставник на ИВЗ, муфтија на Велешкото муфтивство, кој истакна дека во Општина Велес живеат околу 8000 жители од муслиманска вероисповед. Велешкото муфтивство ги опфаќа: Велес, Чашка, Градско, Неготино, Кавадарци, Неготино, Гевгелија.

### 6.5.1 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Исламската верска заедница во доменот на социјалната превенција во Општина Велес

На прашањето дали ИВЗ спроведува социјална превенција беше истакнато дека, според Исламот, муслиманите се молат пет пати секој ден. Главната молитва е во петок и таа се нарекува Џумаа. Во средината на таа молитва има дел кој се нарекува Удба и тој дел е посветен за пробемите на верниците. Тогаш се држат говори со вериците за разни актуелни проблеми како што се: алкохолизмот, наркоманијата, семенјните односи, моралот, етиката, помагањето. Но исто така овие говори се посветени и за религиски содржини.

Исто така и кога во Џамијата се обавуваат верските венчавки, на младите им се одржуваат говори и им се даваат насоки за среќен семеен живот.

На прашањето дали ИВЗ издава одредени публикации со цел социјална превенција беше истакнато дека нема потреба од таков вид на активности, бидејќи во Шеријатот, закон според Куранот, детално се дадени насоки за тоа како треба да се однесува и да живее еден верник.

На прашањето дали ИВЗ има воспоставено соработка со ЦСР, беше истакнато дека досега немаат остварено конкретна соработка.

На прашањето дали ИВЗ соработува со Општината на полето на социјалната превенција беше истакнато дека ИВЗ со Општината соработува но во доменот на културата.

На прашањето дали ИВЗ соработува со МПЦ на полето на социјалната превенција беше истакнато дека досега немаат остварено конкретна соработка.

На прашањето дали ИВЗ соработува со здруженијата на граѓани на полето на социјалната превенција беше истакнато само еднаш имаат остварено соработка со една невладина организација, учествувале на трибина на тема мултиетнички соживот.

### 6.5.2 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Исламската верска заедница во доменот на вонинституционалната заштита во Општина Велес

На прашањето дали ИВЗ обезбедува форми на вонинституционална зашита беше истакнато дека ИВЗ има законски можности за основање на социјални институции, но нема финансиски можности. Но исто така се истакна дека основањето на социјални институции не е во согласност со нормите на Исламот. Соред Исламот, за старите, болните и другите немоќни членови во семејството треба да се грижи семејството.

На прашањето дали имаат остварено соработка со ЦСР, општина, МПЦ и здруженијата на граѓани на ова поле, беше истакнатео дека немаат остварено соработка.

### 6.5.3 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Исламската верска заедница во доменот на институционалната заштита во Општина Велес

На прашањето дали ИВЗ обезбедува форми на институционална зашита беше повторно истакнато дека ИВЗ има законски можности за основање на социјални институции, но нема финансиски можности. Но пак беше истакнато дека основањето на социјални институции не е во согласност со нормите на Исламот, според кој, за старите, болните и другите немоќни членови во семејството треба да се грижи семејството.

На прашањето дали имаат остварено соработка со ЦСР, општина, МПЦ и здруженијата на граѓани на ова поле, беше истакнатео дека немаат остварено соработка.

### 6.5.4 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Исламската верска заедница во доменот на обезбедување парична помош од социјална заштита во Општина Велес

Беше истакнато дека, според религиските норми, секој верник е должен, доколку во текот на годината му остане заштеда во вредност повеќе од вредноста на 90 грама злато, да дава Зекаат (социјална давачка), односно да издвои точно определен дел од таа сума (околу 2,5 %) и во пари да го даде за помош на сиромашните. Оваа давачка се дава преку цела година, а најмногу за Рамазан Бајрам. ИВЗ ги собира овие средства и преку џамиските одбори, кои најдобро ги познаваат верниците, средствата се распределуваат на сиромашните. Исто така средствата од оваа давачка се наменети и за ученици на кои им е потребна стипендија, луѓе кои се во затвор итн.

Исто така има уште една верска давачка, тоа е Садекатуљфитр, која се дава во месецот на постот. Имено, пред да настапи празникот Курбан Бајрам, се дава оваа давачка која изнесува некаде во висина на еден просечен ручек. Целта на оваа давачка е да се им се помогне на сиромашните подеднакво со останатите да го дочекаат празникот.

Исто така, верниците на кои им е потребна итна финансиска помош поднесуваат барање и во петок, и верниците донираат за помош и поддршка на оној на кој тоа му е потребно.

ИВЗ овозможва и бесплатно школување за средношколците кои учат во верските училишта.

Во разговорот беше истакнато дека во рамки на муфтивството делува и огранок на здружението Хуманитарната организација Ел Хилал Скопје, кое меѓудругото обезбедува и хуманитарна помош на материјално загрозени семејства.

### 6.5.5 Други релевантни информации за Исламската верска заедница

ИВЗ во Велес не поседува социјална карта на општината.

ИВЗ во Велес поседува просторија во рамки на Џамијата, која се користи доколку на некој патник или слично му затреба сместување.

ИВЗ соработува со Општината во доменот на културата.

## 6.6 Вклученоста на здружението на граѓани Центар за интегрална рехабилитација „Виготски“ во доменот на социјална заштита во Општина Велес

Разговорот беше реализиран со претседателката на здружението на граѓани Центар за интегрална рехабилитација „Виготски“. Здружението ЦИР „Виготски“ е основано во 2002 година и тоа е непрофитно, неполитичко, доброволно, хуманитарно здружение на граѓани. ЦИР „Виготски“ е регистриран како здружение на граѓани кое делува на локално ниво, но здружението делува и на национално ниво преку партнерски проекти. Основни цели на здружението се: подобрување на условите за живот на децата и младите, грижа за здраво поколение, заштита на животната средина и развивање на демократија и граѓанско општество. Здружението е влезено во Регистарот на Министерство за труд и социјална политика.

### 6.6.1 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Центарот за интегрална рехабилитација „Виготски“ во доменот на социјалната превенција во Општина Велес

Во разговорот беше истакнато дека здружението спроведува превентивни активности и има реализирано активности во доменот на социјалната превенција. Следат информации за некои од нив:

- Проект „Заштита на жената Ромка во репродуктивниот период“со цел зголемување на свеста на жената Ромка за значајната улога на здравствената заштита особено во антенаталниот период.
- Проект „Детските градинки – пример за ефикасно искористување на енергијата„ во чии рамки бил воспоставени 10 соларни колекторски системи за парно греење и топла вода во два објекта на јавната детска градинка „Димче Митрев„ (клон 2 и клон 6) и поставување на енергетско-ефикасни сијалици во двата објекти. Крајната цел на проектот била намалување на загадувањето на животната средина, особено загадувањето со стакленички гасови.
- Едукации со родители со цел остварување на правата на децата со посебни образовни потреби во доменот на социјалната заштита и здравственото осигурување. Целта е да се информираат родителите како да ги остварат и заштитат правата на своите деца.

- Проект „Детски караван“ во рамки на кој караванот составен од деца со посебни образовни потреби и децата од редовната популација ги посетува сите основни и две средни училишта во градот. Караванот се состои од презентации за детските права, литературни и музички точки. Овој проект има за цел превенција од социјално исклучување на децата со посебни образовни потреби и развојни проблеми. Проектот се реализира во соработка со Општина Велес.
- Радио драма „Дедо Мраз и Нова година која била емитувана на радио и снимена на ЦД, а е наменета за сите деца. Проектот е реалзиаран со поддршка и соработка со ЦД Радио од Велес. Целта е поттикнување и промоција на Секторот за деца и млади при ЦИР Виготски.
- Екскурзии, конкурси за ликовни творби, ликовни работилници, приредби, новогодишни забави и приредби, делење на новогодишни пакетчиња, хуманитарни активности, креативни работилници, спортско забавни рекреативни активности, сите од инклузивен карактер. На нив учествуваат деца со посебни образовни потреби и децата од редовната популација. Целта е поддршка и промовирање на инклузивната практика, вклучување на децата и младите како активни партиципатори во локалните, и воопшто општествените збиднувања, како и создавање на подобри услови за раст и равој на децата и младите, без разлика на половата и етничката припадност и без разлика на психо-физичките способности. Активностите се реализираат со поддршка од општината, бизнис секторот од градот, Македонската православна црква, а во соработка со институциите и невладините организации од градот.

Во однос на соработката на ЦИР „Виготски“ со ЦСР Велес на полето на социјалната превенција беше истакнато дека претставници на ЦСР Велес биле вклучени како едукатори во проектот „Семеен парламент“. Исто така беше посочено дека користат информации кои ги дава ЦСР релевантни за нивната работа. Во рамки на проектот се разговарало за видовите социјална заштита за децата и семејствата, се анализираа практичните искуства и се даваа препораки за подобрување на услугите од ресурсите, во однос на достапност на информации, споделување информации и работа на терен. Проектот бил поддржан со видео запис.

Во однос на соработката на ЦИР „Виготски“ со Општина Велес беше истакнато дека имаат добра соработка со општината, како и со сите основни училишта кои се под надлежност на општината во доментот социјална превенција. Општината повремено поддржува финансиски активности на невладината организација, на

годишно ниво. Исто така редовно претставници на невладината организација учествуваат на јавните расправи што ги организира Општината кога ги развива годишните планови и програми во доменот на социјалната заштита. Со основните училишта имаат потпишано меморандуми за соработка и голем број активности биле спроведени во соработка со нив.

Во однос на соработката на ЦИР „Виготски" со здруженијата на граѓани на полето на социјалната превенција беше истакнато дека организацијата имаат остварено добра соработка со Центарот за поддршка на невладините организации, Фондацијата Фокус, Друштвото за заштита и грижа за здраво поколение и невладината организација „Ѓаконија". Соработката е воспоставена со цел успешна реализација на одредени активности на невладината организација.

Во однос на прашањето за соработката на ЦИР Виготски со верските заедници во доменот социјалната превенција беше истакнато дека имаат добра соработка со МПЦ, како и со невладината организација „Ѓаконија" која дејаствува во рамки на Црквата. Црквата има отстапувано простории за реализација на одредени активности на невладината организација (приредби, забави и сл), а исто така Црквата има обезбедувано храна за успешна реализација на одредени настани на невладината организација.

### 6.6.2 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Центарот за интегрална рехабилитација „Виготски" во доменот на вонинституционалната заштита во Општина Велес

Здружението како дел од проект поддржан од меѓународни организации, реализира психотерапевско советување за родители на деца со посебни образовни потреби и хронични заболувања, теренски посети на семејства и индивидуални консултации. Исто така здружението спроведува едукации за правилно воспитување на децата со посебни потреби со интимни групи на родители. Здружението дополнително ги информира родителите каде можат да се обратат за различни потребни информации за нивните деца.

Здружението нема основано центар за дневно и привремено прифаќање на различни ранливи категории корисници.

Во однос на прашањето за соработката на ЦИР Виготски со ЦСР во делот на вонинституционалната заштита (здружението реализира советувања), беше истакнато дека здружението има добра соработка со ЦСР во делот на достапност на информации.

### 6.6.3 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Центарот за интегрална рехабилитација „Виготски" во доменот на институционалната заштита во Општина Велес

ЦИР Виготски не обезбедува форми на институционална заштита.

### 6.6.4 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Центарот за интегрална рехабилитација „Виготски" во доменот на остварувањето парична помош од социјална заштита во Општина Велес

ЦИР Виготски реализира хуманитарни активности со цел помош и поддршка на децата и младите, и нивните семејства. Исто така во периодот на новогодишните празници здружението на граѓани поделува новогодишни пакетчиња на децата со посебни образовни потреби и развојни проблеми. За реализација на овие активности здружението на граѓани соработува со општината, училиштата, другите здруженија на граѓани, бизнис секторот, МПЦ, фондации.

### 6.6.5 Други релевантни информации за Центарот за интегрална рехабилитација „Виготски"

ЦИР Виготски редовно спроведува истражувања, преку анкетни прашалници и други техники за теми и содржини релевантни за делувањето на организацијата. Најчесто резултатите од истражувањата ги користат при подготовка на предлог проекти и реализирање на активности.

ЦИР Виготски бил вклучен во иницијативи за промена на Законот за животна средина и Законот за здравствено осигурување, заедно со други невладини организации.

ЦИР Виготски бил иницијатор за развивање на Стратегија за превенција и борба против наркоманијата во општина Велес, во 2005/2006 година. Тоа била првата

стратегија за превенција и борба против наркоманијата на локално ниво во Република Македонија.

Здружението на граѓани го координирала процесот на развивање на Локалниот акционен план за лица со инвалидност во Општина Велес 2011 – 2015.

Претставници на организацијата се членови на управниот одбор на Глобалниот еколошки фонд, како и на комисијата за здравствена заштита при Општина Велес

Здружението на граѓани поттикнува волонтерство во заедницата, преку вклучување на млади лица во Секторот за деца и млади кој функционира во рамки на невладината организација. Младите волонтерски се активираат во бројни активности на здружението, а здружението им овозможува учество на семинари, обуки и кампови.

За промоција на здружението и неговите активности ЦИР Виготски има своја веб страна, facebook профил, како и facebook група. Исто така имаат реализирано тематски емисии со содржини од нивната дејност локални и национални медиум.

ЦИР Виготски и покрај обидите за добивање на просторија се уште нема сопствени простори.

## 6.7 Вклученоста на Општинската организација на Црвениот крст Велес во доменот на социјалната заштита во Општина Велес

Разговорот беше реализиран со претставник на Општинската организација на Црвениот крст Велес, одговорното лице за социјално хуманитарната дејност. На почетокот беше истакнато Црвениот крст на РМ не претставува здружение на граѓани, но е доброволна, масовна, самостојна, невладина, непартиска и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Македонија. Основна цел на Црвениот крст на РМ е подобрување на животот на најранливите лица на државно и меѓународно ниво, изложени на најголем ризик да живеат со минимална социјална и економска сигурност. Црвениот крст на РМ се финансира од: членарина, буџетот на РМ, буџетите на единиците за локална самоуправа и буџетот на град Скопје, услужни дејности поврзани со функцијата на Црвениот крст, игри на среќа, проекти, донации.

Структурата на Општинската организација на Црвен крст Велес ја сочинуваат: собрание, извршен одбор, комисии и стручната служба. Во рамки на комисиите функционира комисија за социјално – хуманитарна дејност и комисија за здравствено превентивна дејност. Овие комисии изработуваат програми кои се дел од годишната програма на општинската организација на Црвен крст Велес.

Во рамки на програмските активности на ОО Црвен крст Велес функционираат социјално хуманитарната дејност и здравствено превентивната дејност.

### 6.7.1 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Општинската организација на Црвениот крст Велес во доменот на социјалната превенција во Општина Велес

Во рамки на социјално хуманитарната дејност се реализираат едукации за превенција од трговија со луѓе, семејно насилство и педофилија.

Исто така во рамки на оваа дејност се спроведува проект за социјална инклузија на лицата со посебни потреби, во чии рамки се спроведуваат активности за социјална инклузија на лица со посебни потреби како: прошетки, екскурзии, креативни работилници. Целта е превенција од социјално исклучување на овие лица. Проектот се спроведува веќе петта година.

Во рамки на социјално хуманитарната дејност се спроведуваат следните активности: собирање и поделба на храна, облека, хигиенски средства.

Храната, облеката и хигиенските средства се доделуваат на лица кои најчесто се социјални случаеви, но генерално лица со низок социо економски статус. Целта на активностите е превенција и намалување на последиците од изложеноста на ризик од сиромаштија.

Во рамки на здравствено превентивната дејност се спроведуваат превентивни активности, едукации за болестите на зависности, наркоманијата, алкохолизмот, пушењето, потоа ХИВ и сида, туберколоза итн. Исто така се организираат и обуки за врсничка едукација за горенаведените теми.

Во однос на прашањето за соработката на ОО Црвен крст Велес со ЦСР во доменот на социјалната превенција беше истакнато дека имаат добра соработка, користат податоци и информации кои им ги доставува ЦСР и во соработка со нив спроведуваат одредени програмски и проектни активности.

Во однос на прашањето за соработката на ОО Црвен крст Велес со општината во доменот на социјалната превенција беше истакнато дека општината финансиски поддржува активности и програми на ОО Црвен крст Велес, но исто така и најголем дел на активностите организацијата ги спроведува во училиштата, а сето тоа е во директна соработка со општината.

Во однос на прашањето за соработката на организацијата со другите здруженија на граѓани беше споменато дека имаат добра соработка со некои невладини организации како Здружение на пензионери, Фондација Фокус и Виготски.

Со верските заедници МПЦ и ИВЗ немаат соработка.

**6.7.2 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Општинската организација на Црвениот крст Велес во доменот на вонинституционалната заштита во Општина Велес**

Во рамки на социјално- хуманитарната дејност се спроведува проектот- Нега на стари лица во домашни услови, во чии рамки се спроведуваат посети на стари лица во градот. Општинската организација на Црвен крст Велес има испорачано обука за работа со стари лица. Потоа тимот од 20 волонтери и 2 сестри и физиотерапевт еден час во неделата, посетува 60 стари лица во градот и на лицата им се обезбедуваат следните услуги: набавка на храна, весници, плаќање на сметки, мерење на шеќер, притисок, дружење. Проектот се спроведува веќе две години.

Беше истакнато дека Црвениот крст има отворена канцеларија за помош на наркозависници, која нуди и советувања за наркозависниците.

Во однос на соработката на организацијата со ЦСР беше истакнато дека при реализација на одредени активности имаат воспоставено соработка, особено во делот на пристап до граѓаните кои се наоѓаат во социјален ризик.

Во однос на соработката на организацијата со општината беше истакнато дека општината е вклучена во поддршка на проектот за нега на стари лица во домашни услови преку ангажирање на физиотерапевтот во тимот кој ги реализира посетите.

Во однос на соработката на организацијата со здруженијата на граѓани беше истакната соработката со Здружението на пензионери.

Со верските заедници МПЦ и ИВЗ немаат соработка.

**6.7.3 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Општинската организација на Црвениот крст Велес во доменот на институционалната заштита во Општина Велес**

Црвениот крст според своите цели и стратешки определби не обезбедува институционални форми на заштита.

На прашањето дали имаат остварено соработка со ЦСР, општина, МПЦ, ИВЗ и здруженијата на граѓани на ова поле, беше истакнато дека немаат остварено соработка.

### 6.7.4 Вклученоста и меѓусекторската соработка на Општинската организација на Црвениот крст Велес во доменот на остварувањето парична помош од социјална заштита во Општина Велес

Општинската организација на Црвен крст Велес организира хуманитарни настани: забави, концерти и други активности со цел собирање на финансиска помош за лица на кои им е потребна финансиска помош.

### 6.7.5 Други релевантни информации за Општинската организација на Црвениот крст во Општина Велес

Беше истакнато дека во рамки на социјално – хуманитарната дејност се одбележуваат меѓународни денови и недели како: Недела на солидарноста, Ден на солидарноста, Ден на гладта, Недела на грижа на старите лица, Ден на лицата со пречки во рзвојот, Недела за борба против туберколозата, Недела за борба против алкохолизмот, наркоманијата, пушењето, Ден и недела за борба против ХИВ и Сида и сл.

Беше истакнато дека волонтери на ОО Црвен крст Велес биле ангажирани како воспитувачи во проектот на МТСП за бесплатно летување на децата од семејства во социјален ризик.

